**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Осмото продолжение на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 29.12.2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,11 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Панче Дамевски, Абдулади Вејсели, Сафет Незири, Блерим Беџети, Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Верица Филипова, Кенан Хасипи, Радмила Шекеринска, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Садула Дураки, Теута Арифи и Андреј Жерновски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со Петтата точка - Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Јас сакам процедурално да го искористам моето право.

Се јавувам во врска со мојот говор од пред два дена во поглед на амандманите и вчерашниот во поглед на пратеничките прашања.

Сакам да изнесам дека не е фер во Собранието кога имаме конкретна работа, да се изнесуваат безпредметни, јалови дискусии, дискусија поради дискусија за да се задоволат свои интереси на штета на останатите пратеници кои би имале конструктивна дискусија, кои би имале предметна дискусија во врска со конкретно прашање.

Особено сум иритиран, можеби Деловникот го дозволува правото освен оние 10 минути за три пратенички прашања, меѓутоа, да се малтретираат колегите и одреден дел од македонската јавност со наводно дообјаснување и само зборување во непрегледност и бескрајно по одредени пратенички прашања, не е коректно и во најмала рака се работи за фер плеј.

Во иднина молам, доколку новиот Деловник е во фаза на донесување, да се има предвид освен оние 10 минути кои имаат право да се постават прашањата, да се предвиди, ако може, колку време самите пратеници кои ги поставуваат своите прашања да говорат, наводно да ги образложуваат со потпрашања своите лични прашања.

Би завршил со тоа дека можеби еден дел од пратениците имаа вистински потреби од поставување на тие пратенички прашања само заради неколегијалност на одредени пратеници, не зборувам дали беа од опозиција или позиција, ги оставија своите колеги без можност да ги изнесат прашањата кои се од битен карактер. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседател на Собранието, почитувани дами и господа пратеници, почитуван министре и останати претставници на Владата.

Им ветив на колегите дека нема повеќе од 15 минути да зборувам и ќе настојувам да го исполнам тоа ветување.

Дозволете ми на почетокот да им се заблагодарам на сите оние мои пријатели, министри, институции, носители на функции кои ми испратиле честитки за Нова Година и Божиќните празници и да им се извинам што јас не можам на сите да им вратам честитка, бидејќи во оваа држава само пратениците тоа право го немаат со знакот на Собранието да испратат честитка додека сите институции во оваа држава можат тоа да го направат.

Мои пријатели, еве јавно ви ја честитам Новата Година. Од она што можев, колку што е мојата плата приватно на некои им испратив, но не можев на сите оние институции кои со државни пари ни испратија новогодишни честитки.

Верувам дека и останатите мои колеги пратеници се согласуваат со ова.

Сега сакам да зборувам конкретно за Буџетот, иако не е пракса по текстот на Законот да се зборува, но морам да кажам кога е во прашање Буџетот треба да се произнесеме и по текстот од следните причини.

Бидејќи беа поднесени некаде 180 амандмани од страна на пратениците во Собранието, од кои 46 амандмани беа поднесени исклучиво од пратениците кои ја поддржуваат Владата односно од парламентарното мнозинство.

Тоа покажува дека, имајќи ги во предвид амандманите кои беа прифатени, ќе не доведе до заклучокот дека ова не е Буџет на Собранието на Република Македонија, туку ова е Буџет на Владата на Република Македонија. Сето ова го зборувам во наводници.

Имајќи во предвид, а ова ќе го потврдам со уште еден аргумент, дека од 15-тина амандмани поднесени исклучиво за Собранието на Република Македонија, за ставките за Собранието на Република Македонија беше усвоен само еден амандман. Само по себе зборува дека и со Буџетот дефинитивно треба да пристапиме кон промена на Уставот на Република Македонија и да кажеме дека повеќе Македонија не е парламентарна држава, туку Македонија е држава во која одлучува Владата на Република Македонија и се друго се подредува на тие одлуки. Не било само сега така, така е во овие изминати години station наназад.

Мислев дека доаѓа време во Република Македонија за некои промени, но, за жал, сум бил меѓу првите што сум се излажал во тоа верување.

Затоа деновиве читаме по весниците за Собранието да купи компјутери нема пари, но вчера во еден од весниците читаме дека од ставката за социјална политика можат 120 илјади денари да се издвојат за во еден од скопските ресторани некои од министерствата, мислам на вработените, да ги прославуваат новогодишните празници. Со тие 120 илјади денари барем ќе се купеше еден или два компјутери за некој од пратениците. Ако ги помножите сите министерства и сите јавни претпријатија со тие пари тука се господине министре парите кои ги баравме за компјутеризација на Собранието на Република Македонија.

Овој прв дел ќе го заклучам со тоа дека се продолжува со политиката на оглушување, на онеспособување на Парламентот, а со тоа онеспособување на работата на пратениците и елиминирање на одлучувачката улога во Република Македонија на Парламентот.

Бидејќи Буџетот и финансиските средства се основа за функционирање на демократијата.

Неусвојувањето на голем број на амандмани кои беа поднесени во Собранието на Република Македонија по однос на Буџетот ја остави најлошата структура на Буџет на Република Македонија која била во изминатите 15-тина години, структура каде што Буџетот е со најмало процентуално учество на капиталните расходи, Буџет каде е со најголемо процентуално учество на ставката мебел, опрема и возила.

Министерот упорно не убедуваше дека ставката за мебел и возила ќе биде нула. Ова е документот што ни го дадоа од Министерството за финансии. Овде пишува, меѓу другото, еве ќе го напоменам само Министерството за внатрешни работи, 150 интервенциски возила. Во ред. Тоа го зборував и кога беше општата расправа, треба возила за функционирање на институциите на системот. Но, покрај тоа пишува 180 патнички возила. Дали е ова ставката нула за која зборувавте овде?

Ова е исто документ каде вели Биро за стокови резерви 500 илјади за мебел. Ова е документ кој на Комисијата за економија официјално е даден од Министерството за финансии. Ова ќе го поткрепам со следното. Ќе повторам тоа што го дискутирав по општиот претрес. Во оваа држава на институциите на системот им требаат возила. Министрите немаат возила. Но, демагогијата која беше во предизборниот период и сега во јавноста се сака да се покаже дека е штедливоста, но од друга страна документите го покажуваат спротивното. Дали е вака ќе видиме кога ќе бидат објавени тендерите за овие набавки, освен ако не се извршат спротивно на Законот за јавни набавки, јас во тоа не верувам дека од страна на Министерството за финансии тоа ќе биде дозволено да биде спротивно на Законот.

Следното што сакам да го потенцирам, жал ми е што не е усвоен ни еден амандман поднесен за Битола. Поднесов амандман за економска зона во Битола. 50 милиони денари побаравме, колку што беше за Скопје, колку што е за Штип. Од најавите на градоначалникот на општина Битола во изминатата година ипол постојано се жалеше дека централната власт не го поддржува и затоа не може да ја реализира операта, не може да го реализира филмскиот град, не може да ја реализира техничко-технолошката зона, како што сега во иднина ќе се вика односно економска зона.

Оваа Влада не поддржа ни еден од амандманите кои јас и госпоѓа Бендевска ги имавме поднесено токму за тие цели за кои до сега беше обвинувана Владата која беше во претходниот мандат. Уште повеќе, за жал, постојано беше критикувано дека во Битола не се вложува и во изминатите 4 години беа вложени 4 милиони долари за реставрација на Широк сокак и на останатите културни споменици. Е, сега, оваа Влада не предвидува ни денар за Битола, за тоа. Секаде ќе прави нешто, но во Битола не прави ништо. Дали значи еве во Битола убедливо победивте, зошто тогаш ја казнувате Битола од страна на централната власт. Апсурдот да биде најголем и она што овде отвори најголема расправа, тоа беше претставата за Тито. Некои знаат, некои не знаат, можеби ќе ме обвинат и за непотизам, но апсурдот е најголем што, за жал, од оние од кои најмалку очекував, а овде господинот претседател на Собранието очекував тој најмногу да се спротивстави на тоа затоа што некогаш и негова претстава била забранувана и човекот кој тогаш се избори во таквите комунистички времиња против забранување на претставата на господинот Љубиша Георгиевски, денеска заради личен каприц го казнувате. За жал, најмалку од вас очекував дека ќе ја вратите контролата на творештвото во Република Македонија на еден перфиден начин преку финансирањето на проектите. Колку и да сте се согласувале или не со тоа, бидејќи никој го нема видено проектот, промовирате една идеологија која беше од минатите времиња.

Би завршил со следното. Ќе донесеме Буџет, ќе го изгласате Буџетот кој се потврдува дека ниту пратениците од позицијата, од парламентарното мнозинство, со оглед на бројот на амандманите кои ги поднесоа, ниту пратениците од опозицијата не се задоволни со таков Буџет. Јас очекувам, иако имаше размислување и дискусии во Парламентот дека ќе имаме ребаланс, јас очекував годинава прв пат да немаме ребаланс. Очекувам дека ова Министерство за финансии најисправно ги испланирало средствата во Буџетот. Затоа што ако добро ги испланирате, тогаш немате потреба од ребаланс. Но, се плашам од она самоволие додека траеше расправата во тие 10-тина дена за Буџетот во Собранието се предлагаа амандмани, па се плашам дали е навистина реално и вистински испланирани ставки во Буџетот.

Ќе ви кажам само еден пример. За објектите Стар театар, Градска куќа во Скопје, за сите имаше

испланирано средства. Јас очекував дека тоа го испланирале луѓе врз основа на проекти кои точно знаат дека за едниот од објектите мислам дека беа 9,5 милиони денари и дека точно испланирале. За да веднаш пред два три дена добиеме амандман дека сега таа ставка е 8,5 милиони. Се прашувам кога точно ја испланирале ставката, тогаш кога ни ја предложиле во основниот Буџет или сега кога ни предлагаат со амандманот. Јас очекувам дека ќе нема ребаланс на овој Буџет, дека Владата исправно ги испланирала, во спротивно кога ќе дојде време за тоа повторно ќе разговараме.

На крајот би завршил со тоа дека врз основа на сите мои искажувања јас нема да го поддржам изгласувањето на овој Буџет, а посебно делот за исвршување на Буџетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас господине Најдовски, посебно ви благодарам на концизноста на вашето излагање.

Господинот Рафис Алити има реплика, повелете три минути.

Рафис Алити: Ви благодарам.

Господинот Најдовски има право да ја критикува Владата но, за ручеци и вечери не е добро да ја критикува Владата. Најмалку за ручеци и вечери кои се организирани или ќе се организираат за Новогодишните празници, бидејќи ова беа медени месеци на оваа Влада и токму поради ова велам дека би било добро да погледнеме низ прсти во оваа насока додека во 2007 година ќе биде добро да ги упатуваме овие критики кои ги упати до Владата. Благодарам.

Љубиша Георгиевски: Благодарам.

Дали има контра реплика? (Нема)

Има збор господинот Неждет Мустафа, повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Навистина би сакал да ја искористам оваа можност на само неколку минути обраќање во однос на искажување на моето незадоволство по однос на дебатните дискусии и амандманските дискусии по однос на Буџетот на Владата на Република Македонија.

Моето незадоволство, почитуван претседателе, би сакал да го сконцентирам на неколку точки. Би сакал пред се кон вас и кон почитуваниот министер за финансии да го одвлечам вашето внимание се со цел да го подигнеме интересот за она што би сакал во континуитет да ви дадам поттик да размислуваме за ромската заедница објективно спрема нашите обврски кон оваа заедница. Не би сакал да го сфатите мојот говор како настап на кој би сакал да извлечам некои поени или да заземам некоја политичка позиција, но, како и за секој буџет до сега, во текот на мојот втор мандат, а и сега ќе говорам во духот на моето незадоволство, за тоа колкав е интересот на Владата на Република Македонија кога се работи за еден рамноправен однос кон една заедница која е најзагрозена во Република Македонија.

Дадовме неколку сигнали кои беа од витално значење за оваа заедница, од областа на културата, фолклорот, литературата на ромски јазик, дадовме значење и кажавме дека е потребно смалените средства од 60% за образование да дојде барем на истата ставка, укажавме на важноста дека во Велес и во Куманово би требало да се помогне со зголемувањето на финансиската ставка токму таму каде што живеат Ромите и тоа не од било кое значење, туку заради егзистенционална потреба за да можат барем да се спасат тие јадни души кои живеат во најмизерни услови, без никаква инфраструктура. Но очигледно се нема слух за ромските потреби во нашето македонско општество.

Лично сметам дека декорираниот однос на Владата на Република Македонија во континуитет треба еднаш засекогаш да се елиминира, бидејќи Ромите се заедница кои според Уставот се рамноправни со сите граѓани од другите заедници. Јас навистина тука, во однос на буџетот не можам да гледам еднаков однос и еднаков третман за потребите на заедницата на Ромите, кога во такви чувствителни моменти се однесуваме партиски или политички, во однос на стагнирањето на оваа значајна заедница која и те како укажува лојалност во однос на интересите на Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, не знам што се треба да направат Ромите за сите вие тука да сфатите дека треба да им се помогне и тоа токму кога се работи за донесување на еден буџет кој треба да биде инфузија во развојот на ромската заедница. Ние имаме обврска и према Меѓународната заедница, а пред се и како држава, кон односот на своите граѓани односно ромската заедница, да се почитува зборот и потписот на она за што се декларираме пред Меѓународната заедница. Ние имаме ставено потпис, како Република Македонија, дека целосно ќе се ангажираме во развојот на културата, фолклорот, традиците, особено образованието на Ромите во нашата држава, по иницијатива на Меѓународната заедница. Јас гледам дека тоа доста декоративно се прави односно се однесуваме спрема нашиот државнички потпис и навистина жалам ако сметаме дека Ромите се мирни и ќе останат и натаму така мирни, па макар што живеат во такви катастрофални услови, па макар што немаат ниту услови да им дозволат на своите деца да го прошират своето образование, а ние тука, не би сакал да го употребам зборот, на одредени луксузи, сепак тоа се, верувам на вашиот професионализам и на потребите на Владата на Република Македонија, но сметам дека, барем за ромската заедница треба да се има еден посебен слух за елиминирање на неправилностите и неправилниот живот на Ромите во Република Македонија,

До колку сметаме и натаму игнорантски да се однесуваме кон Ромите, како и до сега, на

досегашните влади, во однос на нивното финансирање во македонското општество, правиме една политичка и граѓанска неправда спрема опстанокот на Ромите.

Јас навистина очекував да се слушне гласот и по мојата дискусија и по некоја поддршка на амандманите, што очекував да се слушне гласот на министерот, да не охрабри односно да ја охрабри ромската заедница дека Владата на Република Македонија е загрижена за постоечката ситуација на Ромите. Но сметам дека оваа проблематика, оваа агенда на Ромите останува нема.

Сметам дека не треба да ја иритираме оваа мирна заедница со едно такво немо однесување, особено кога се работи за чувствителните потреби на Ромите во македонското општество. Од тие причини, ве молам да бидеме погрижливи. Мојот интерес, токму затоа беше и при донесувањето на одлуката за судиите, да испратам сигнал политички дека јас не сакам да се користи мојот глас само во нужна потреба и да ми се дава значење дека јас постојам тука, да бидам повикан на кафе или на разговор. Сметам дека моето постоење како политички субјект треба рамноправно да го прифатите, а со тоа ќе ја потврдите и уставната положба на оваа наша држава, како мултиетничка, но не само декларативно мултиетничка, туку мултиетничка во однос и на сите права, а тоа значи дека и буџетот на Република Македонија да биде распределен рамноправно во однос на потребите на ромската заедница.

Во интерес на потребите да се донесе овој буџет, со огромно жалење изјавувам дека нема да гласам за буџетот поради тоа што не се исполнети потребите на ромската заедница и потребите што ги побарав, но јас повторно верувам дека со огромно внимание ќе ги следите потребите на ромската заедница, без да ги иритирате и без цивилното општество да го доведувате во една состојба кога треба да се размислува поинаку во однос на третманот на ромската заедница.

Како што рече и претходниот колега, би сакал да ја искористам можноста да ги поздравам сите гледачи, а секако и симпатизери на мојата политичка партија односно граѓаните на Република Македонија со надеж дека сите ќе им помогнеме во 2007 година, ќе им помогнеме на Ромите како граѓани, но не да ги прифатиме како комшии и како пријатели само кога ќе ни требаат и да ги третираме така, да велиме Ромите се добри и од нив немаме гајле во животот.

Со надеж дека успешно ќе соработуваме во 2007 година, ви посакувам добро здравје и успешна работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Благодарам почитуван претседател, почитувани пратеници, господин министер.

Моментот е, откако веќе ја заокруживме оваа точка од дневниот ред и откако Предлогот на буџетот веќе го имаме и целосниот преглед на она што е буџет, во согласност со фактот што го имаме и прегледот на амандманите кои се прифатени и мнозинството од амандмани одбиени, мислам дека можат да се кажат два-три завршни збора во име на парламентарната група на ДУИ-ПДП, за тоа што претставува буџетот за нас и како ние го гледаме овој буџет.

Дозволете уште еднаш да изјавам дека нашиот прв впечаток што го кажавме во текот на претставувањето претходно, во првиот дел од дискусиите е дека буџетот, пред се не е планиран според реалните политики туку е со предрасуди односно неговата реализација е предвидеа врз основа на анализите и намерите кои Владата ги има како објекти или како цел, однесувајќи се во економски амбиент, со ниски даноци, со повисоки развојни цели, до 6%, што не е според тоа како се претставува во буџетот и според развојните компоненти на истиот, не тера да не веруваме во една таква цел или намера, не веруваме дека тоа може да се постигне и дека немаме аргументи да го поддржиме овој буџет, ниту за оваа точка и за извршувањето на оваа структура на буџетот. Сигурно Владата преземала обврска и рескира на тој начин да го изврши буџетот со политики што ги предвидува. Меѓутоа за нас тоа не е убедливо.

Второ, сакам да кажам дека и другиот аспект кој беше многу очекуван, не од нас како опозиција, туку и од јавноста и од експертите, дека овој буџет треба да има посилна развојна компонента и со оваа компонента да се влијае посилно врз порастот на економскиот развој. И овој аспект не е исполнет. Како што реков, тоа мислење не е само наше туку е мислење и на луѓе кои разговарале на тркалезни маси и на експерти и е заснован врз факти кои ние ги елабориравме порано и сега не би сакал повторно да ги кажувам. Има и други причини поради кои ние сме скептици во извршувањето на буџетот и за целите на исполнување на овој буџет и можноста за заокружување на истиот, како што е предвидено, виза ви некои конкретни политики. Покрај другото не е вистина и тоа дека, тука неколку пати се промовира дека за образованието како една поконсумирана изјава од страна на поголемата партија која е на власт, во текот на предизборната кампања, дека ќе додели средства кои всушност ќе бидат поголеми и ќе го поддржуваат повеќе образованието. Во овој буџет тоа не го гледаме и јас со факти сакам да ги демантирам тие што велат дека за образованието се поделени повеќе средства. Тоа е една компонента на информатика технологија за која имаше неколку амандмани, со цел да биде тоа пофункционално, меѓутоа тие амандмани не беа прифатени и тоа не тера да се сомневаме дека тој дел од средствата ќе се употреби повеќе во функција на информатичка технологија која ќе биде во функција на информатичко општество, отколку што ќе биде дел од образовните реформи, затоа што тие реформи всушност веќе и се отпочнати и се

реализираат. Меѓутоа, несреќата е во тоа што се промовира како победа имплементирањето на предметот технолошка информатика, или пак за компјутери и ние овој алемент мислиме дека го прави посмешен и фактот што ние го имплементиравме тоа и го реализиравме, комплетирано со аналзи, а оваа Влада го повлече овој предмет како задолжителен, од образовниот програм во основното образование и сега истото го промовира како победа што би можела да ја реализира во 2007 година. Значи една работа или еден чекор наназад што се направил, не значи чекор напред во идната година, туку само компензира нешто што можело да се направи една година порано.

Капиталните инвестиции во образованието, освен два амандмани со три милиони денари и еден друг од еден или два милиони денари, да не погрешам, не се видно зголемени и се помали од 2005 година. Посебно неподдржувањето на високото образование и стандардот на студентите и недоделувањето на средства за капитално инвестирање во високото образование кои се потребни секаде, не само во Тетовскиот универзитет, како што беше и нашиот амандман, посебно намалувањето на средствата за науката која всушност со трансферите е некаде 10 милиони денари помалку од минатата година, исто така не тера да го гледаме буџетот како неконзистентен, во согласност со видувањата и со уставните компоненти на истиот, меѓутоа и со потребите на оваа дејност, значи научната дејност и со високото образование кое сега доживува динамичен развој, за кое треба една посилна финансиска поддршка.

Третата причина поради која ние не се убедивме во текот на дебатата, јас настојував вчера да ја искористам и седницата за пратенички прашања, меѓутоа повторно не добив конкретен и прецизен одговор. Значи тоа се нејасните политики, или непотполните политики за поддршката на децентрализацијата. Тука сакам уште еднаш да го потврдам фактот дека доделувањето, како трансфери, во општините, 20 до 25% повеќе за дејностите или пак за децентрализираниот дел кој до сега бил, не значи поголема посветеност на децентрализацијата затоа што тој износ на средства во образованието, културата или социјалната заштита, всушност е поради разликата во цените кои што без таква усогласеност ќе беше неможно и тие малку ингеренци кои се доделија во првата фаза, фактички да се реализираат во следната фаза односно во овој дел кој е преостанат од првата фаза.

Јас мислам, до колку веќе се зголеми тој дел, тоа не значи дека е лошо, тоа е добро затоа што е неопходност која извира од потребата за одобро финансирање, во согласност со новите цени на расходите односно трошоците. Меѓутоа тоа што јас барав беше да се изјави, оваа Влада да каже дали мисли од 1.07.2007 година да почне со втората фаза на децентрализацијата, што не се гледа од самиот буџет. Тоа прашање што го поставив и што можеби не е дел од буџетот, меѓутоа што е дел од општата владина политика е кои се плановите на Владата за да се стави или да влезе во сила локалната власт и да се зголемат изворните средства на локалната власт, спомнувајќи ги тука и фискалните политики и тоа не во смисла да се зголемат даноците на локално ниво, затоа што и министерот вчера изјави дека не му е јасно во која насока е моето прашање. Јас сега ја користам приликата да му објаснам дека тоа всушност е дел од расправата меѓу сите овие градоначалници и градоначалникот на градот Скопје дека даноците или пак делот од даноците кои се доделуваат од персоналните даноци и другите кои се наменети за локалната власт, не се доволни за буџетска политика или пак опстојување на една буџетска политика во локалните политики. Тоа што јас би сакал е да се разгледа, не е неопходно во буџетскиот дел, меѓутоа бидејќи доаѓа втората фаза на 1.07.2007 година повторно да се разгледаат политиките кои се во функција на влегување во сила на локалниот капацитет, значи на локалната власт за тоа да биде пофункционално, да биде дел и одржлив партнер за развојот на државата, давајќи развојна можност, нешто што се прави. За тоа сум свесен, со Законот за финансирање на локалната власт и со другите закони, меѓутоа секако тоа бара едно разгледување на оваа политика затоа што сме дојдени во ситуација, еден мал дел од буџетот, или пак на јавните приходи, да биде наменето за да се локализираат на локално ниво, додека пак поголемиот, позначителниот дел, сеуште останува на централно ниво, што не е во интерес ниту на локалната власт, ниту на одржливиот развој.

Тука сакам да кажам, господине министер, уште една идеја што фактички станува пречка за нереализација на некои други аспекти кои се законски гарантирани и кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Законот за територијална организација, а тоа е употребата на другите службени јазици, значи освен македонскиот, воглавно албанскиот јазик на локално ниво што почна да се прави поради финансиска неможност за поддржување на оваа активност со дополнителни средства, бидејќи на сите вас ви е јасно дека демократијата е подобар и поприфатлив, меѓутоа не и поевтин систем. Мултиетничката демократија е уште поскапа. Имаме случаи кога градоначалници или пак градот, изјавуваат дека не можат да го реализираат правото за превод на документите, или пак за имплементација на двојазичноста, како што е општина Скопје односно целиот град Скопје, од причина на недостаток на средства, бидејќи една општина со еден јазик има една цена на услугите, додека друга општина со апликација на двојазичноста има друга цена, а евентуално трета општина со три јазици, има трета цена. Јас мислам дека тоа е во функција на развој и поддршка на политиките кои би го реализирале и ова право, затоа што ова право е предвидено со закон, не е право кое извира од самата општина,

туку само за тие јазици каде самата општина ќе донесе одлука за да ги употребува, ќе треба Владата да размисли за поддршка на општините кои употребуваат повеќе од еден јазик, и од финансиски аспект, затоа што не смееме да влеземе во процес каде гарантираните права со закон ќе зависат од финансиите, а во меѓувреме не сме размислиле за ниту еден финансиски инструмент кој би ја поддржал оваа политика. Мислам дека има место и простор за да се размисли за тоа како ќе ги поддржиме општините кои употребуваат повеќе од еден јазик, кога се знае фактот дека тоа фактички е законска обврска. Дали тоа ќе биде со некој компензациски фонд на централно ниво што би се доделил врз тој принцип, или пак тоа ќе се направи во некоја друга форма, меѓутоа, сепак треба да се нарпави, затоа што може да иманедостаток на финансиски средства и тоа да биде пречка за реализација на ова право, кое што бара право за реализација. Мислам дека сега е правото време да се разгледаат и овие политики и можности, со сесема добра намера да се промовир аи законската димензија за употреба и на други јазици на локално ниво, во согласнсот со законите и со Уставот.

Затоа, почитувани пратеници поаѓајки од сите овие забелешки, ние нема да можеме да го подржиме овој Буџет и ќе ја проследиме имплементацијата на истиот во сите димензии во текот на годината и секако во текот на годината ќе имаме и што да расправаме во овој контекст. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе, јас го слушав внимателно дискутантот и навистиан во текот на неговото излагање се сетив на неколку работи од минатото и за волја на вистината сакам пред јавнсота да ги објаснам.

Господине Азис вие бевте на власт во 2002, 2003, 2004, 2005 и до почетокот на 2006 година. Локалната самоуправа ја имаше ДПА. Ве потсетувам дека во текот на овие години општините имаа еден финансиски реваншизам од власта што ја водевте вие и средствата доделени на локалната самоуправа во овие години беа минимални, што ние за ова расправавме често во овој Парламент, а вие не бевте свесни дека локалната власт треба да добие повеќе средства. Дури во Буџетот од 2004 година Осломеј и Зајас добиваа колку и сите други општини средства што беше доста контрадикторно по бројот на жители што ги имаат Тетово, Гостивар и други градови. Затоа, ова е една дволичност, една лицемерна и дилетантна политика, затоа што да се реваншираш на локалната самоуправа е нешто наивно и лошо во однос на политиката. Додека овој Буџет, наспроти, во ниту еден момент нема фианнсиски реваншизам. Вие знаете средствата ќе течат за водата во Тетово, ќе има субвенции, а истовремено знаете дека дефинитивно од овој Буџет ќе се реши проблемот на општина Дебар. За да се изгради објектот во општина Дебар се потребни многу други средства, каде што во ниту еден момент нема финансиски реваншизам. Напротив, ќе има субвенции и тоа рамноправни за сите општини. И редовна функционалност на општините, за да функционираат општините како што треба.

Мојата реплика е до вас. Вратете се малку наназад на вашите години на валст каква политика вие реализиравте и колкубевте реваншисти во однос на нашата политика и нас. Ви благодара,

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Контрадикцијата на локалната власт и на централната власт секогаш ќе има интенции да не дава на локалната власт и секогаш на локалната валст ќе и се чини малку тоа што го бара од централната власт. Оваа војна ќе продолжи со цел подобрување на овие односи и на демократијата. Девијациите од оваа политика кои што, девијации не се случиле само во мојот период, не се случува само во вашиот период, овие се девијации кои ние заедно ќе ги расправаме и треба да најдеме начин да се решат во интерес на граѓаните. Сега веќе имаме законски ингиренции. Имаме прашања кои со волја ќе се изјаснуваат за вакви или такви. Затоа ве поканувам заедно да соработуваме во насока на изнаоѓање средства и за имплементација на другите права. Ќе го земам како пример Долнени како двојазична општина има три јазика, меѓутоа говорат само со еден јазик, затоа што велите дека нема средства. Дали е само политичка волја. Тука има простор да се развиваат овие политики. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Лазар Китановски, повелете.

**Лазар Китановски:** Почитуван господине претседателе на Собранието, колеги пратеници, господин министре, обично се вели дека законот за Буџет е најважен закон на секоја држава или во мандатот на секоја Влада, или секое Собрание.

Меѓутоа, јас сакам да ја искористам оваа прилика да укажам и нешто можеби да предложам да се размислува од сега за наредниот Буџет, или евентуално, во случај на ребаланс, а тоа е за условите во кои работи Собранието и за угледот кој го ужива Собранието, без разлика на составот дали овој или тој пред него.

Во Република Македонија, би рекол од осамостојувањето, или барем неколку години после тоа се создаде атмосфера дека ако постои орган кој е товар на оваа држава, тоа е Собранието на Република Македонија. Дека во Собранието одат луѓе кариеристи, дека одат луѓе кои сакаат да се збогатат, дека само се расправаат, се караат и тоа редовно се повторува и во колумни и во некои новинарски извештаи, и во дебати и во коментари и во анализи. Затоа во сите анкети угледот на Собранието е на последно место. Сега да направиме анкета, а беше скоро направена ова Собрание стои на најниски гранки.

Работи се на се стотина дена. Од каде заклучокот дека Собранието е најслаба институција во државата. Тоа е таа инерција која е создадена во Република Македонија. Дека Собранието, парадокс, основниот државен орган кој носи Устав, кој бира Влада, кој носи закони во кои мора да се постави и меѓународната позиција на Република Македонија е фактички товар на самата држава. Секогаш кога се планира Буџетот, ако некаде се крати,прво се крати од Собранието на Република Македонија.

Од друга страна, би ја потсетил јавноста, би ги потсетил главните уредници на медиумите нека погледнат околу нас. Ви гарантирам дека обично шевче во било кое јавно претпријатие имаподобри услови за работа, отколку било кој пратеник во било кој состав на Република Македонија. Началник на пет луѓе има подобри услови,има канцеларија, има компјутер, некои имаат и возачи и т.н. Нека проба некој пратеник да побара возило да ја посети својата изборна единица, бидејќи можеби не вози, можеби од здравствени причини му е забрането да вози. Јас не знам дали ќе добие возило, или ќе добие после триста танталови маки. Замислете, да побара некоја услуга од некој државен орган, танталови маки. Идеата ми е, а за тоа сме и ние виновни, пратениците од сите состави . Да ви кажам дека има пратеници од поранешни состави што се без работа и кои некои работат во странство фактичкикако некои економски емигранти. Не се сите дојдени овде да печалат пари, или тоа се најмалиот дел. Има пратеници навистина што се збогатиле додека биле пратеници. Јас сум фрапиран навистина како успеале тоа да го направат. Изгледа се бавеле само со бизнис врски и релации, наместо со основната задача. Меѓутоа, тоа е најмалиот број. Ние како пратеници штом некој во јавноста покрене некое прашање веднаш ќе се сретнеме, заради оладување во јавноста и кога е во право и кога не е во право. Денеска е луксуз автомобил, луксуз е компјутер. Тоа е нон сенс. Нон сенс е да е луксус компјутер. Нон сенс е работна просторија за пратеник. Јас мислам дека не постои парламент во светот во кој пратеник нема канцеларија. Ние мораме под итно да се собереме како претставници на пратенички групи, да поразговараме, па да сугерираме на Владата, во случајот сега оваа Влада и да поразговараме за тој проблем. Нас да ни дојде странка, ја шетаме низ ходници, бараме просторија или ја носиме во бифето да поразговараме. Значи граѓаните фактички добиваат многу лош впечаток како функционира Собранието. По мене, секој пратеник треба да има своја просторија. Треба да има двајца советници. Еден правник и еден економист. Ние сме претставници на граѓанит еод различни профили. И за многу прашања биимале поквалитетни дискусии. Меѓутоа, и на парламентарните сесии доколку имаме еден правник и еден економист кои ќе ги следат тие обалсти, тие треба да бидат со такво образование, не мора некои високи експерти, но луѓе кои ги познаваат проблемите и мислам дека со тоа ќе бидеме многу поефикасни.

Соoовј начин на работа како до сега, ние и понатаму ќе бидеме на дното од скалата. Ви реков, за тоа сме виновни и ние самите и некои пратеници кои самите факички ја омаловажуваат позицијата на Собранието и собранискиот состав. Мора да се најдат средства што побрзо да се довршат просториите за Претседателот на Републиката, бидејќи со тоа ќе се ослободи еден дел од просторот потребен за пратениците. Меѓутоа, треба да се размислува, а јас верувам дека и порано е размислувано, Министерството за надворешни работи е во простории кој по мене не се соодветни, не се репрезентативни, значи тие два објекта да се ослободат и тие да бидат работни простории на Парламентот,како што е во сите парламенти вос ветот, каде што ќе се комуницира со граѓаните,а имаме многу ние објекти во последниот период кои беа државни од кои постепено државата се ослободува, таму да се всели или Министерството за надворешни работи или за него да се предвиди нов објект. За Заводот за статистика исто така да се најдат други простории, освен ако не се распределени и на тој начин да се создадат услови за подобра работа на пратениците. Размислете сите, министерот е овде, тој ќе слушне, значи, упатувам апел до оваа Влада, може да се случи додека тоа се реализира ние да не бидеме повеќе пратеници. Тоа ќе биде процес. Не зборувам за овој состав на крајот на краиштата, зашто додека се направи нов објект, додека се реновира и т.н. ќе биде потребно време. Меѓутоа, еднаш да ставиме крај на тој наш демагошки став. Функцијата на пратеникот е да носи квалитетни закони, дискусии ќе има, расправи ќе има, тоа е нормално во секоја демократија, но ја користам оваа прилика, бидјеки се дискутира за Буџетот на Република Македонија, за наредниот Буџет да излеземе со некоја ставка, со некој предлог, барем со еден параметар за неколку наредни буџети да се реши овој проблем.

Можеби на некои пратеници им е подобро вака. Ќе дојдат во Собранието, па ќе си одат и не ја вршат функцијата, само им се пишува во биографијата. Меѓутоа, мислам дека правата функција ќе бид емногу поквалитетна, ако еднаш дефинитивно го решиме овој проблем и ако ние смаите кажеме, односно самите се избориме за таквата позиција на члeновите на Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Ќе бидам краток во своето излагање. Бидејкаи заврши амандманската расправа, би сакал да кажам дека јас нема да го поддржам овој Буџет од неколку причини.

Прво, затоа што министерот, или Владата прифати многу малку амандмани поднесени од

страна на опозицијата и со тоа покажа една неконструктивност, а мислам дека Буџетот е акт во кој што доколку се донесе со поголем консензус би билоподобро и за самата Влада, а исто така и за создавањето една општ атмосфера во државата дека конечно е донесен најважниот акт со консензус.

Исто така, нема да гласам за Буџетот, затоа што министерот не ме убеди во своето излагање, во рреалноста на проекциите кои што ги имаат во Буџетот, посебно во делот на приходите, бидејќи се базираат овие приходи на многу претпоставки, посебно во делот на проектираниот економски раст и инвестициите. На конкретното прашање дали има најава за конкретните проекти кои што ќе дојдат како инвестиции во Република Македонија не даде конкретен одговор, а и министерот Веле Самак, кој што е задолжен во Владата за привлекување странски инвестиции вчера кажа само дека планираат до јуни да остварат 100 милиони долари или евра странски инвестиции во Република Македонија. Притоа, исто така не кажувајќи дека веќе имаат конкретно договорени инвеститори кои во текот на наредната година ќе дојдат да инвестираат во Република Македонија. Значи, една претпоставка дека тоа ќе се оствари во текот на нареданта година и по тој основ мислам дека приходната страна на Буџетот е планиран ана максимално високи ставки, кои тешко дека Владата ќе успее да ги оствари.

Исто така, нема да го подржам Буџетот затоа што во излагањето на министерот не видовме концепт за продолжување на процесот на децентрализација, посебно после 1 јули 2007 година е отпочнување на втората фаза со децентрализацијата како еден процес кој што е многу битен, според мое видување за Република Македонија и кој што треба во голем дел да помогне и во економскиот развој на општините и на Републиката и во решавањето на проблемите на граѓаните,па дури и Владата да може порелаксирано да работи, пренесувајќи дел од надлежностите на општините да работи на она што го ветила на граѓаните до 2010 година.

Нема да го пдоржам овој Буџет, затоа што мислам исто така дека расходната страна, посебно во делот на капиталните инвестиции е лошо структуирана, како во однос на вкупните инвестиции, значи нема проекти кои што директно ќе придонесат за побрз економски развој, освен изградбата на патот Е-75, изградбата на индустриската зона во Штип. Сите други проекти се во делот најмногу на културата, посебно во градот Скопје, тоа го кажав и претходно, а исто така и во делот на образованието каде што многу пореално ќе беше прво да се извршеше санација и адаптација на училиштата, а потоа да се одеше со компјутеризација, бидејќи мислам дека Владата тука ги има изместено приоритетите, пред се, затоа што пишува во изборната програма на владеачката партија дека тоа треба да се направи. Меѓутоа, анализите и реалноста верувам дека ќе ја премислат Владата дека е прво потребно да се изврши адаптација, санација, реновирање на училиштата како би се создале предуслови и за компјутеризација. Инаку, идејата генерално е добра, меѓутоа мислам дека приоритетите не се добро проектирани од страна на Владата.

Исто така, нема да го поддржам Буџетот затоа што министерот не одговори на прашањето од кои ставки ќе се одржува имотот на министрите, кои што со прифаќањето на министерската фнкција во Владата на Република Македонија, ги оставија своите имоти во странство, така што мислам дека и во наредната година граѓаните на Република Македонија имајќи го предвид Буџетот ги очекува уште една тешка година и дека не можеме да очекуваме некои големи подобрувања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Мисовски Горан.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Сакам накратко само да го кажам ставот на пратеничката група на НСДП. Имено, Владата на Република Македонија со ваквиот предлог на Буџетот за 2007 година најавува генерална политика во правец на макроекономска стабилност и контролирана инфлација, што кореспондира со новата економска политика што ја промовираше НСДП. Од тие причини пратеничката група на НСДП ќе гласа за Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2007 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Почитуван господин претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Јас сакам да го кажам нашето мислење за овој буџет, пратениците од Либералната партија овде. Бидејќи, Буџетот е акт кој се донесува еднаш годишно и треба сосема и на јавноста да и биде јасно кои, зошто гласа така како што гласа.

Овој буџет е по наша оценка повеќе значаен. Има повеќе обележја, главни и важни обележја и за нив треба сега да се проговори.

Прво, овој буџет е буџет на континуитет. Овој буџет во основа е во потрепа на и досега долги години водена политика во Македонија на макроекономска стабилност. Исто така, е во континуитет во поддршката што буџетот ја дава на реформите кои во Македонија треба да се изведат за приближување или за полноправно зачленување во европските интеграции, како што се НАТО и ЕУ.

Има и друга условеност на тоа Буџетот да биде во континуитет. Има наследени и обврски кои не се прекинуваат туку така и Буџетот мора да ги почитува и во оваа година. Исто така, овој Буџет настојува и да ги имплементира определбите на Програмата на новата Влада, која заговара некои пресврти. Се разбира, во целото свое значење тие определби на Владата не можат да бидат директно внесени во целост во овој буџет и прво

треба некои промени внатре во структурата на владеењето, да се извршат, па да може и поцелосно да се донесат, а и некои ефекти прво мора да се постигнат како темел на тие промени кои ќе дојдат.

Има некоку работи за кои би требало да се каже кога го донесуваме овој буџет. Овој буџет, да речеме, приговорите како тој се однесува према децентрализацијата и фискалната децентрализација према единиците на локалната самоуправа. Точно е тоа дека тука се задржува курсот досега, меѓутоа основно е што треба да се направи, јас мислам дека причината за тоа е што овие сто дена од кога работи Владата немаше можност до крај да ги оцени степенот на оспособеноста на локалните единици да можат да ги прифатат сите тие обврски и дејствија, кои треба да ги извршуваат успешно во идниот период ако се во поголема степен да се изврши децентрализација во сферата на финансиите на локалната самоуправа. Мислам дека треба Владата побрзо да направи една таква анализа и такво испитување и да преземе мерки како да се оспособат единиците на локалната самоуправа да ги прифатат обврските. Да речеме, еве сега слушаме како општините не се во состојба организационо и кадровски да ги прифатат обврските и да го преземат финансирањето на основните и средните училишта што е точно како состојба. Но, мора да се избори Владата да види како ќе ги оспособи тие единици што побрзо, за да можат да си ги извршат и овие промени понатаму. Тоа би требало да се направи и во другите сектори и во Секторот на урбанизам и тн., секаде каде што треба да се изврши децентрализација фактичка а и финансиски тековите да се пренасочат таму. Така што, мислам дека тоа ќе и остане задача на Владата и овие шест месеци. Првите шест месеци треба добро да ги проучи работите и со евентуален ребаланс, барем можностите за оваа година да ги ознажи некаде после шест месеци, оти навистина и по закон доаѓаат такви обврски за државата. Тоа е едното по едното поле.

Второ поле кое треба да се види, треба да се видат кои закони други надвор од овие два закони, кои денес ги минуваме, треба да се променат за поуспешно да биде спроведуван овој буџет. Ако погледнеме малку score, јас ќе означам само една точка, Воспоставена е една убава практика на изигрување на некои закони, на пример, во сферата на трошењето на Буџетот, изигрување на Законот за јавни набавки. Мислам дека ќе треба посебна анализа да се направи, колку треба да се поправи тој закон, за да може да се отфлат досегашните ујдурми што се правеа на разни нивоа околу јавните набавки, каде фактички имаше еден мал грабеж и изигрување на условите на законот и фактички еден вид организиран криминал овозможен со непрецизностите на Законот за јавни набавки. Треба да се видат и кои други закони се такви, за да се засили оваа ориентација на овогодишниот буџет. Затоа, мислам дека овој буџет носи новости во државата, ја задржува стабилноста и затоа тој е елементот на тој континуитет присутен во Буџетот. Исто така носи новости кои можат да го динамизираат општиот развој во државата. Затоа ние ќе гласаме за него. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитуван господине министер, почитувани колеги пратеници.

Јас ќе го поддржам овој буџет на Владата од мое лично име и од име на колегите од ДОМ, затоа што сметам дека Буџетот во основа дава силна поддршка и прави сериозни исчекори во поглед на неколку приоритети на ДОМ.

Имено, овој буџет создава услови за еден сериозен економски развој, преку создавање на сосем поинаква бизнис клима во земјата и мерките што се предвидени со буџетска поддршка. За таа цел се навистина нешто ново, за што со години се зборувало во македонската политика, меѓутоа еве конечно сме на пат нешто дел од тоа и да видиме.

Понатаму, во тие приоритети кои што овој буџет ги поддржува, а се приоритети на Владата, приоритети и на ДОМ како партија поради што сосем се наоѓаме во таа програма, тоа е една сериозна и чесна борба против корупцијата и криминалот, која што исто така со години се очекуваше во Македонија и еве сега гледаме дека се најавува сериозно реализирање на дел од замислите.

Овој буџет исто така сериозно подржува проекти од културата, што е еден од основните приоритети наши и мислам дека тука навистина ќе имаме голем пресврт и вистинска обнова. Овој буџет покажува и грижа за дијаспората и за македонците надвор од Република Македонија што е исто така еден потполн пресврт би рекла, не само веќе исчекор, потполн позитивен пресврт и мислам дека треба секако да се поддржи и да се продолжи во таа насока. Се разбира овој буџет дава поддршка на надворешната полилтика во рамките на процесите на евроинтеграција и натоинтеграција, што е не само наша определба од ДОМ, меѓутоа тоа е орпеделба на сите граѓани во Македонија. Навистина, има многу сериозни причини зошто ќе го поддржам овој буџет. Сакам уште една работа да додадам за што мислам дека вреди по овој повод да се каже.

Јас пред повеќе време, пред можеби две години јавно се запрашувам каде одат нашите пари, каде одат буџетските пари и на што се трошат. Правев некои анализи заедно со економски експерти и се дојде до заклучок дека огромен дел од нашите пари, од парите на граѓаните се одлеваат не знаеме каде на некој чуден начин, просто исчезнуваат и се трошат, а резултати немаме. Иако, буџетот со години по ред се зголемуваше, услугите кои што ги даваше државата беа се полоши и имавме полошо образование, се полоша наука, здравство, култура, социјална политика и тн. Така што, очигледно беше дека

парите ненаменски се трошат, а беше очигледна и една друга работа, дека дел од ставките, од буџетските ставки едоставно остануваа неискористени, затоа што како некому да не му беше интересно да ги потроши, условно кажано, парите на граѓаните и за потребите на граѓаните, туку беа чувани за одредена намена, па ако неможеше да бидат искористени на начин на кој што бил одговорен и за нив замислувал, едноставно остануваа неискористени, неупотребени и не во функција на граѓаните и на државата и беа префрлани во следната година неупотребени.

Јас би сакала да кажам една забелешка, што мислам дека е евидентна и што заслужува посебно истакнување. Ние за прв пат гледаме дека во еден буџет кој што е рестриктивен поради помалите средства од даноците што се очекуваат за оваа година, но тој не остана должен да сите главни и битни ставки за одржување на функцијата на државата од една страна. Од друга страна бевме сведоци дека министерот на самата седница кога се разгледуваа амандманите усвои редица амандмани како ниеден министер за финансии досега, усвои редица амандмани со кои што дополнително се оптовари Буџетот и најде можности и за потреби кои што пратениците ги увиделе како такви. Ова е пресврт, не само со тоа што покажува добра политичка волја, можат многу повеќе нешта да се направат за доброто на државата и на граѓаните и покажува на каков начин треба да се приоѓа кон Буџетот, треба да се има отвореност за вистинските потреби на граѓаните и на каков начин уште повеќе треба да се приоѓа кон пратениците.

Мислам дека ние за прв пат видовме однос Влада - пратеници каде што постои едно почитување од страна на Владата, во конкретниов случај од страна на министерот за финансии и каде што тој највнимателно ги сослушуваше амандманите, ги сослушуваше аргументите и очигледно внимателно ги проучувал претходно, затоа што редица амандмани, тој најдобро ќе ни кажи колку вкупно беа прифатени и на тој начин не се водеше само сметка само она што во канцеларија се испланирало, но се водеше сметка и за она што пратениците како претставници на граѓаните го предлагаат во овој дом. Мислам дека ова заслужува да се забележи, заслужува честитки и само да продолжиме во таа насока. На овој начин јас морам да кажам како политичар сум многу задоволна, затоа што за прв пат се остварува нешто за што јас сум се залагала со години на ред. Да се почитува пратеникот, да се почитува неговата сугестија и да има еден коректен однос Влада - пратеник, каде што едни со други ќе се сослушуваат и заедно насочено ќе работат во полза на граѓаните.

Во мое име и во име на ДОМ го поддржувам Буџетот и ќе гласам за. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, три минути.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитувани колеги, ја слушнавме пратеничката Поповска, како изјавува дека овој Предлог-буџет доставен од Владата значи и предвидување повеќе финансиски средства за борба против организираниот криминал. Но, морам да ја потсетам и се надевам дека имала можност да ја следи седницата дека средствата во Предлог-буџетот предвидени за Одделот за борба против организираниот криминал издвоени како посебна програма, како дел од Јавното обвинителство на Република Македонија, беа намалени и врз основа на амандман поднесен од моја страна заедно со колегата Кондарко, средствата за овој оддел се зголемени во Програмата за пет милиони денари. Имавме можност да го слушнеме и претставникот на Владата како го прифаќа амандманот, веројатно соочен со аргументите кои што можевме да ги изложиме во случај да не беше прифатен, беше доведен во ситуација да го прифати амандманот, што исто така е позитивно. Но, негативно е тоа што Владата тоа не го направила сама, значи со Предлог-буџетот, туку со интервенција од страна на пратениците на опозицијата врз основа на поднесен амаднман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Мислам дека баш тоа е позитивно.

Повелете Лилјана Поповска има контра реплика, една минута.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувана колешке, токму тоа е она вистинското зошто го поддржувам овој буџет, меѓу останатото затоа што мислам дека е на прав начин се создаде еден однос помеѓу Владата, помеѓу министерот за финансии и пратениците. Всушност, буџет не донесува Владата, буџет донесуваме ние пратениците во Собранието и позиција и опозиција низ соработка со Владата. Така што, мислам дека целта е исполнета и ова е само уште една потврда зошто навистина имам основа да го гласам овој буџет.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Оливер Спасовски. Повелете.

**Оливер Спасовски:** Денеска, почитувани колеги пратеници ќе го започнам мојот говор стандардно, ќе ве поздравам јас, министерот за финансии, претставниците од Владата, додека нема да го поздравам претседателот на Собранието, заради тоа што вчера еден скандалозен начин на денот на 60-годишнината од прогласување на Првиот устав на Република Македонија покажа како претседател на Собрание дека не го почитува историското минато, кое што е вградено во самостојноста и самобитноста на Македонската држава и на македонскиот народ.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали ова е процедурално, интервенција или ова спаѓа во Буџетот?

**Оливер Спасовски:** Во однос на Буџетот сакам да го искажам својот став, имајќи предвид дека

овој буџет има 180 амандмани кои што беа предложени од страна на пратениците, од кои што десетина беа прифатени од министерот, мислам дека говори дека апсолутно е буџет кој што не ги исполнува очекувањата и на пратениците и на граѓаните на Република Македонија.

Најпрво во однос на ставките кои се однесуваат за Собранието на Република Македонија, навистина бев изненаден што колегите од поарламентарното мнозинство не смогнаа сили да прифатиме амандмани кои што се однесуваат на подобрувањето на работата на Собранието и на пратениците воопшто, а со тоа и на јакнењето на функцијата пратеник и на позицијата на Собранието на Република Македонија. Тука, апсолутно ја гледам вината во самите нас, не во Владата и министерот за финансии.

Овој буџет, реков дека е нереален и нерзвоен, меѓутоа воопшто не е буџет на приоритети, на оние приоритети кои што Владата ги истакна и ги понуди во својата изборна програма пред граѓаните на Република Македонија. Заради тоа што, ако еден од врвните приоритети е реформа во судскиот систем, видовме колку и на кој начин се предвидени средства и ниту еден, освен еден незначителен амандман кој што се однесуваше на оваа сфера, не беше прифатен. Во овој Буџет не видовме ништо за стечајните работиници со кои што се манипулираше пред изборите и ги направивме инструмент на политичките партии подигрувајќи се со нивната судбина. Во овој Буџет не видовме средства со кои што би ги решиле проблемите на раселените лица, во овој Буџет не видовме стапката 0 за мебел и машини и опрема, туку напротив милионски суми на средствата кои ќе си искористат за купување на мебел и на возила, веројатно понесени од желбата во многу удобни и убави кабинети да работат министрите и сите други останати членови во извршната власт. Меѓутоа на таков начин не ќе можат да погледнат надвор, и не ќе можат да ја видат реалната состојба во Република Македонија и на нејзините граѓани.

Во овој Буџет ја нема никаде сумата која би изнесувала 5% од бруто домашниот производ, а би се однесувала на развојот на образованието и на унапредувањето на образованието. Никаде ги нема 16,5 милијарди денари кои што беа предвидени со програмата на ВМРО-ДПМНЕ со рок од 1.1.2007 година. Во овој Буџет не видовме ниту зголемување на средствата за Агенцијата за млади и спорт и за развој на спортот. Не беше прифатен ниту амандманот кој што беше поднесен од само 50 илјади евра кој што е наменет за малите спортови. На таков начин се покажува добрата желба и политичката волја навистина да направиме развој во овој сектор. А не е доволно само да му се даде признание на премиерот за заслуги во спортот со купени 20 дреса за ракометарната репрезентација на Република Македонија, туку конкретно на дела овде со определување на одредени средства за развој. И во овој Буџет навистина не гледам средства со кои што ќе се поттикне развојот на стопанството, а со тоа ќе започнеме одлучна борба против невработеноста или ќе го зголемиме бројот на вработените или стандардот на оние кои што веќе работат во Република Македонија се со цел да имаме посреќни и позадоволни граѓани на Република Македонија. Од сите овие причини кои што ги изнесов, пратеничката група на СДСМ ќе гласа против овој Буџет.

На крајот сакам на сите вас и на граѓаните на Република Македонија да ви ги честитам престојните Новогодишни и Божиќни празници.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, се надевам дека е крајот на оваа расправа по повод текстот на Буџетот. Во неколку реченици ќе го задржам вашето внимание да дадам еден завршен збор, затоа што во изминативе 7, 8, работни денови кога расправавме за Буџетот во неколкуте фази многу внимателно ве следев заедно со моите соработници од Министерството за финансии.

Најпрво сакам да истакнам голема благодарност за дискусиите. Ова е прв Буџет на Владата на овој состав и на министерот за финансии. Буџетот беше подготвен заклучно со 13 ноември, значи не е сегашната дата. Сакам да кажам дека периодот беше релативно краток но тоа не се одрази, барем од наша гледна точка на квалитетот на предложените ставки, мерки во Буџетот. Буџетот се подготвува од орган на кого што со законот му е дадена таа задача, или привилегија од едно место да може да согледа многу работи кои што треба да обезбедат функционирање на државата Република Македонија, на институциите според Уставот и законите. И тоа не е едноставно и добро што е така, добро е што на едно место се слеваат сите информации. На пример, беше кажано од страна на господинот Оливер Спасовски дека 10 амандмани, или 10-тина амандмани биле прифатени. Ние можеби ги броевме, 23 амандмани се прифатени од 180 поднесени амандмани, беа повлечени 5,6 официјално, беа повлечени многу повеќе особено од пратениците на мнозинството. Процентот на прифатени амандмани достигнува 20%, а во бројката 180 не ги сметаме повлечените амандмани. Не знам, немам статистика за претходни расправи околу Буџетот, особено во амандманската расправа. Но, сепак, мислам дека оваа цифра од 15% до 20% прифатени амандмани не е мала цифра. Со прифатените амандмани се реалоцирани средства во износ од 186 милиони денари, или 2,1% од вкупните средства во Буџетот и тоа може да претставува можеби една мала сатисфакција за почитуваните пратеници, дека имаат свој печат во составувањето на овој акт. Само да споменам дека со прифатените амандмани најголем износ е пренаменет во корист на Министерството за транспорт и врски 57,5 милиони денари, потоа за Министерството за образование и наука 40

милиони и 454 илјади денари, за Собранието на Република Македонија прифатена реалокација во износ од близу 40 милиони денари, за финансирање на дејностите од областа на културата 14 милиони денари итн. Јас ги прифаќам забелешките од страна на пратениците од аспект на поднесените амандмани и идеите за подобрување на условите за работа. Но, жалам што во оваа фаза, или со овој Буџет не можевме да ги прифатиме сите барања. Но, остана сознанието дека сепак, треба многу да се работи и постепено на подобрувањето на условите за работа на пратениците во овој претставнички дом на Република Македонија.

Кога зборувам за централизација на информации и предлозите на одлуките од едно место, сакам да споменам дека, најверојатно тоа го знаете, не можат да се задоволат сите барања, сите потреби и сите желби. Јас најпрво ги разочарав моите колеги во Владата кои што можеби малку ме подзабориле, затоа што многу повеќе се дружам во последниве недели со вас отколку со нив и можеби во Новата година ќе ми простат за незадоволените желби. Немаше министер што е задоволен, немаше институција што е задоволна. Но, кога би биле сите задоволни, министерот за финансии би требало да си оди. Тоа е така секаде и секогаш. Ние настојувавме да направиме и да предложиме Буџет кој што ќе одговара на приоритетите и на можностите од аспект на политиките на Владата на Република Македонија. Да ве потсетам дека 2 милијарди денари, тоа се големи пари, преку 30 милиони евра оставивме на располагање на приватниот сектор во Република Македонија како резултат на откажувањето од приходите од даноците, од персоналниот данок од доход и од данок на добивка кој што треба вие да го усвоите, заради намалените стапки и воведувањето на концептот на рамен данок. Приватниот сектор најдобро ќе знае како да ги искористи тие средства. Доаѓаат сознанија од претприемачите дека дел од тие средства ќе ги наменат за зголемување на платите на своите вработени, затоа што сакаат да ги мотивираат, да ги стимулираат, да ја зголемат нивната лојалност и дисциплина, а дел ќе ги насочат кон инвестиции за нови вработувања. Работа на државата е да дава сигнали на приватниот сектор. Тоа е вистинскиот пристап на една Влада во пазарна економија и ние тоа го правиме.

Сега не би полемизирал со ставовите на почитуваните пратеници, особено оние од опозицијата. Затоа што тие секако имаат целосно право да ги искажат своите ставови.

Само да се обидам да корегирам неколку изнесени информации за кои што сметам дека не се точни. Повторно се користи онаа фамозна стапка возила, мебел, опрема и машини. Ќе се обидам во текот на годината, ако е тоа можно да ја раздвоиме таа стапка со промена на законот, буџетското сметководство. Затоа што секој од нас зборува, возила, опрема, мебел, машини, а само мисли, или го насочува вниманието на јавноста на нешто конкретно, на нешто опипливо, некои кабинети на министрите и некои нивни возила. Прво беше споменат примерот на Министерството за внатрешни работи. Беа спомнати возила. Но, тие возила спаѓаат во опрема, тоа е опрема за работа на Министерство за внатрешни работи, не се возила во кои што некој ќе се вози и ќе ужива. Владата ќе опстои на ветувањето дека во 2007 година ќе бидат нула издатоците за мебел и возила за постојните институции, министерства и министри.

Забелешките на господинот Андов секако се за почит, имајќи го предвид неговото огромно искуство во сферата на економијата и во сферата на расправи околу Буџетот. Сакам само да споменам, мислам дека веќе се доставени до Собранието измени и дополнувања на Законот за јавни набавки. А наредната година ќе се пристапи кон подготовка на нов закон согласно со директивите на Европската унија каде што се решаваат и овие проблеми за кои што зборуваше господинот Андов. Сведоци сме дека навистина имаше барем креативно толкување, ако не изигрување на овој закон.

Почитувани пратеници, да не должам многу, значи уште еднаш да ви се заблагодарам на дискусиите, особено на идеите и препораките на почитуваните пратеници од опозицијата кои што секако по природа искористија најголем дел од времето за овие расправи, за овие дискусии. Се надевам, да ви препорачам да го усвоите овој Буџет.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за пратеникот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе. Се сакаше со завршниот говор на министерот дефинитивно да се остави впечаток кај граѓаните на Република Македонија дека навистина оваа Влада и ова Министерство за финансии било до сега најефикасно и во најбрз временски рок, односно како што кажуваат по десети пат дека прв пат се случува сега во тековната година на избори да се донесе Буџет. Дефинитивно сега сакам да се разјасни таа работа. Ова Министерство и оваа Влада во овој однос во донесување на Буџетот е најнеефикасна досега од сите влади на Република Македонија во независна и суверена Република Македонија. Бидејќи тогаш секогаш не беа изборите на 5 јули, владите се формираа на 1 декември, а буџетите се носеа во јануари. Ако се оправдува фактот дека на 13 ноември е поднесен Буџетот и тоа е задоцнување за разлика од претходните влади. Но, и тука е одговорноста на парламентарното мнозинство. Ние во многу полоши услови донесувавме Буџет, со оркестри овде и тропања по цел месец, но останувавме до 5 часот наутро и го носевме поврзо Буџетот отколку оваа година. Значи, да дефинираме. Оваа година најспоро е донесен Буџетот од сите претходни години.

Околу прифатените амандмани 15%до 20%. Јас мислам дека тоа беа 90% од тие 15% до 20% фингирани, со многу мали суми, колку да се каже дека од толкав број се прифатени толку

амандмани. Тоа му е совршено јасно и добро познато на министерот. Освен неколку од кои за велешкиот регион е клучен и суштински.

Околу стапката за мебел дефинитивно. Јас знам дека имаат потреба да се оправдаат пред граѓаните, бидејќи јасно и децидно ветија, првата година ќе биде нула стапка. Волку зголемена ставка за мебел, за опрема и за возила не можат сега тоа да им го објаснат на граѓаните на Република Македонија и затоа упорно се обидуваат сега за да го впијат граѓаните на Република Македонија дека има оправдување за тоа што го ветија, а не го направија.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Нашиот став кон нашиот предлог Буџет на Република Македонија за 2007 година господине министре е јасен и деклариран. Очекувавме да ги проектирате, да ги материјализирате вашите портокалови заложби од предизборните ветувања токму во овој докумет, во Буџетот на Република Македонија, бидејќи тој претставува најсериозен инструмент за спроведување на вашата политика. Вашите ветувања, за жал господине Славески имаа рок, рокот им заврши на 6 јули 2006 година. Бидејќи овој Предлог Буџет проектиран од ваша страна воопшто не ги содржи вашите ветувања. Вие се откажавте од вашите ветувања. Наместо овој Буџет да форсира развој и инвестиции, овој Буџет е непродуктивен и форсира непродуктивни трошења по однос на купување на мебел, опрема, по основ на стоки и услуги, односно најголемиот дел од средствата што ги предвудувате, а потекнуваат од џебовите на македонските граѓани ќе завршат во ваши лични комоции. Дури и вие господине министер од оваа говорница кажавте дека недоволно сте запознати со ветувањата токму во овој документ, во преродбата за 100 чекори. Јас навистина ви нудам соработка, бидејќи токму јас многу добро ги проучив вашите предизборни ветувања. Лично јас имав три амандмани од областа на културата. Кажав дека во вашето образложение децентрализацијата во културата ви е приоритет за 2007 година. Трите амандмани кои се однесуваат за импутирање на средства кон локалната самоуправа во општина Битола заради тоа што Битола реално претставува центар на културата. Вие немавте ниту чувство, ниту слух да ги прифатите. Ќе ги демантирам веднаш повторно од вашата програма во 100 чекори. Вака ли ја замислувавте децентрализацијата во културата? Проектите што ги наведувате се следните, цитирам: Комплетна реставрација на скопско Кале, локација Скопје, инвестирање во изградба на нови музеи на ВМРО и жртви на комунизмот, локација повторно Скопје, изградба на градска куќа, скопски театар, филхармонија, локација Скопје. Како ќе ја децентрализирате културата во 2007 година господине Славески со овие ваши проекти?

Дозволете ми една мала дигресија за да не ви останам должна на вашето повикување. На 4 мај 1980 година претпоставувам дека вие плачевте повеќе од другите.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Бевме сведоци на една долга седница која трае со денови и на која практично треба да го донесеме Буџетот на Република Македонија како основен базичен инструмент на функцијата на власта на оваа држава, на новата Влада која што дефинира дека ќе направи прогрес и развој. Овој Буџет сега што го имаме господине минстре е Буџет кој што е истиот како што беше и минатата година, истиот е како што беше во 2003 година кога се тропаше овде и истиот е како што беше и пред тоа. Единствена разлика е што од едно место се зема да се даде на друго место и така се направија несуштински амандмани за од едно место да се префрлат пари на друго место, да се направи некоја чешма, некој да се пофали дека нешто се грижи за своите бирачи. Меѓутоа, постои отсуство на радикални промени, или фундаметални системски промени во формирањето на Буџетот на Република Македонија. По мене овој Буџет е само продолжување на истата политика која што и досега владееше. Верувам ако останеше СДСМ на власт дека ќе го имавме истиот овој Буџет со нерелевантни корекции од ставка до ставка.

Според мене за реализацијата на Програмата 100 чекори требаше да направите само еден чекор, а тоа е овој Буџет да го направевте да биде вистински радикално изменет, со фундаментални промени, потресни промени во самиот Буџет кои ќе предизвикаат развој, кои ќе иницјраат јавни работи, кои ќе иницираат стварање на инфраструктура за економски развој на Република Македонија.

На овој начин, со овој буџет ние продолжуваме со истото темпо, истата висина, и со иста брзина движење на Република Македонија доколку и во овој Буџет да се направат грешки.

Мојот совет е за следната година кога ќе биде буџетот да направите буџет кој дефинитивно ќе афирмира нови принципи на формирање на Буџет и кој ќе иницира развој на Република Македонија.Тоа е она што го ветивме. Овој буџет не ги реализира овие работи.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот.

Пред да гласаме предлагам за Предлогот на буџетот да гласаме во целина освен за Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија и Раздел 31101 наменет за Народниот правобранител, за кој согласно законот за изменување и дополнување на Законот за Државната ревизија и Законот за Народниот правобранител Собранието гласа по нив.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеници. За гласале 61, воздржани нула, и против 18 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

(Аплауз)

Преминуваме на гласање по Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници. За гласале 60, воздржани нема и против нула.

Констатирам дека Разделот 02002 наменет за Државниот завод за ревизија е усвоен.

Раздел 31101 наменет за Народниот правобранител,го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника. За гласале 61, воздржани нема и против 1.

Констатирам дека Раздел 31101 наменет за Народниот правобранител, е усвоен.

Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, за гласале 60,воздржани нема, против 18 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

(Аплауз)

Преминуваме на точката 6. - **Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Славица Грковска.

Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Да бидам искрена очекував дека министерот за финансии ќе се јави да го образложи Предлогот за извршување на Буџетот, а со оглед на тоа што во текот на расправата за Буџетот на Република Македонија во една од неговите излагања каде што се тврди дека давачките што ги плаќаат граѓаните во голема мера завршуваат во приватни џебови го прашав дали не значи членот 12 од Законот за извршување на Буџетот, во кој што Владата вели дека избраните и именувани функционери кај Буџетските корисници од централната власт, кои пред нивниот избор или именување имале живеалиште или престојувалиште во странство, или биле на работа во странство од денот на нивното именување, заклучно со денот на нивното разрешување им следува надоместок на трошоци за одржување на нивниот имот во странство. И дека Владата на Република Македонија со одлука ќе ја определи висината на надоместокот за одржување на нивниот имот.

Тогаш господинот Трајко Славески одговори дека сега е општа расправа за Буџетот на Република Македонија, во тој момент нема да одговори и, ќе цитирам, “беше директно прашање што се однесува за следната точка од дневниот ред, по Предлогот за извршување на Буџетот, тогаш ќе дадам одговор на ова дирктно поставено прашање”.

Прашањето беше од која ставка и колку средства ќе се одвојат за да се реализира овој член од Законот. Затоа ве повикувам господине Славески да го одржите зборот, да го одржите вашето ветување и да дадете директен одговор на ова директно поставено прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувана пратеник Грковска, благодарам на прашањето.

Со оглед на тоа што неколку пати се нудени одговори, а вчера пред целата македонска јавност на пратеничко прашање од страна на господинот Груевски премиер на Република Македонија односно претседател на Владата на Република Македонија нема да одам во детаљи затоа што се е образложено, се е кажано.

Како министер за финансии можам само да ветам дека кога ќе се носи одлуката со која што конкретно ќе се специфицира на што се однесува членот 12 од Законот за извршување на Буџетот ќе бидам многу внимателен за оние ставки за кои навистина и е потребно да се помогне на овие луѓе кои што се одважија во клучен момент за развојот на Република Македонија да се приклучат на тимовите на Владата со целиот свој капацитет.

Сакам само нешто да споменам во овој контекст.

Изучувајќи го развојот и следејќи го не многу од онаа длабинска страна што ми е професија, туку од она што може да се види како во последните 30-40 години, земји кои што живееле во мизерија, народи, население итн., достигнале до завидно ниво на пристоен живот покрај другите фактори не можам да не забележам дека пресвртот започнува и настанува токму кога еден добар дел од нивната емиграција ќе започне да се враќа по земјата, носејќи ги знаењата, а со тоа и капиталот во матичната земја.

Всушност станува збор за стотици, илјадници млади луѓе кои што заминале да се школуваат на странски универзитети, подработуваат во странски компании, стекнувајќи искуство и откако почувствувале дека се создадени услови во нивната земја која ја напуштиле од различни причини да се вратат, се враќаат тогаш навистина можеме да бидеме сигурни дека нешто се прекршило, дека нешто ќе биде со земјата и со економијата.

Овој процес полека е започнат во Република Македонија и не се тука господинот Самак, господинот Ташковиќ и други, Ивановски за да единствено ги искористиме нивните технички знаења кои што тие ги имаат, навистина ги имаат, туку да покажеме дека нешто се случува големо во Република Македонија. Тоа е порака до сите млади луѓе и оние кои што не се толку млади, кои што ја напуштиле земјата да дојдат затоа што тука се создаваат услови и да работат. Тоа го знам од прва рака. Многу на моите посети, или за време на моите посети во дијаспората многу млади луѓе сум среќавал, студенти од факултетот од каде што доаѓаат, кои што кажуваат само едно - професоре ве молиме создадете услови во земјата, ние сакаме да си дојдеме дома. Со ова ние ги канима да дојдат во земјата и немојте од нешто што е со најдобра намера да правите голем проблем. Граѓаните на Република Македонија ќе знаат за што се троши секој денар. Господата Самак и Ташковиќ немаат дворови, немаат градини, па ние сега ќе ги плаќаме градинарите кои што ќе ги режат нивните цвекиња ќе ги одржуваат ружите. Господата Самак и Ташковиќ имаат долгови за земени кредити, моќници, кои што ќе паднат доколку тие останат на приходот од 40 илјади денари. Не можат да ги реализираат. Јас имам и секој месец сервисирам долг од 36 илјади денари за купен стан. Сега ја поминав половината од ратите, уште пет години ми остануваат, обезбедуваме некаков доход и секој месец до 15 да ја уплаќаме ратата. И не мислам дека ми е потребно нешто повеќе да барам од Владата на Република Македонија, иако и јас прифаќајќи да бидам министер за финансии прифатив да работам за помала плата односно доход од оној што го произведував на претходното работно место. Да ги разбереме овие луѓе, затоа што даваат голема порака, голем сигнал. Ниту една земја, повторувам, не успеа да излезе од сиромаштијата, од провинцијализмот додека нејзините добри синови од надвор со знаење, со капитал не се вратија во земјата.

Благодарам.

(Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Кире Гештаковски, Славица Грковска, Слободан Најдовски, Аднан Јашари, претпоставувам дека се јавуваат за реплики.

(Дел од пратениците одговараат на претседателот од место, не се слуша).

Аднан Јашари бара збор.

Добро. За реплики по установениот ред.

Кире Гештаковски, за реплика три минути.

**Кире Гештаковски:** Не, јас барам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, сите сте за збор.

Добро. Тогаш одиме пак по ред.

Славица Грковска има збор.

(господинот Слободан Најдовски бара збор за реплика.)

Се извинувам, пратеникот Слободан Најдовски бара збор за реплика. Повелете господине Најдовски три минути за реплика.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседател, почитувани дами и господа пратеници,

Она што ме натера да се јавам за реплика е реченицата на господинот министер за финансии дека граѓаните ќе знаат што ќе се потрошат овие пари. Тоа е идно време.

Второ, господине министер, должност е на секоја Влада, едно од основните начела одговорност и отчетност. Уште поголема должност е на нас овде пратениците да знаеме за што ќе гласаме. Јас ве поддржувам во вашата идеја наши луѓе да се ангажираат од странство но не можете прво од пратениците, а после од граѓаните да предлагате закон за извршување на Буџет а да не знаеме за што ќе се потрошат тие пари. Не знам дали намерно или ненамерно изнесовте една реченица “господинот Ташковиќ и господинот Самак земале големи кредити за да ги купат своите имоти и дека со овие плати сега не можат да ги сервисираат кредитите”. Извинете, господине министер, но член 12 вас не ви е за плаќање на кредити. Вие велите за оддржување на нивниот имот во странство. Ќе ве молам, според кој закон, според кои одлуки, според што вие ќе му купувате имот на било кого на граѓаните на Република Македонија. Тоа господине министре е недозволиво. Тоа е корупција. Тоа господине министре го нема во ниедна држава во светот. Дури ни во тие најтврдокорните системи. Јас се согласувам ако вие зборувате дека тие заради тоа што се овде ќе имаат одвоен живот од семејството, се согласувам со вас заради тоа што ќе им треба еднаш месечно да си го посетат семејството но да им плаќате кредити за имот кој што го купиле тоа господине министре е недозволиво. Тоа граѓаните на Република Македонија на крајот на краиштата тргнете една математика тогаш кој е ќарот што ќе го има Република Македонија и трошокот што ќе го има за нивното ангажирање. Затоа тоа е “повеќе дсара него масло”. Вие сега покажавте ако еден од овие тројца господо има купено имот, предпоставка пет милиони долари, не знам, бидејќи вие криете од нас, криете од граѓаните на Република Македонија, значи дека ние месечно ќе треба да ги плаќаме по 100 или 200 илјади долари тие луѓе. Или вие погрешно нешто овде кажавте или нешто многу криете од македонската јавност. Благодарам.

(со седницата продолжи да претседава Иван Анастасовски)

**Иван Анастасовски:** За реплика се јави пратеникот Цветанка Иванова.

Повелете три миниту за реплика.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседател.

Јас во знак на конструктивност и побрзо донесување на Законот за извршување на Буџетот не мислев да дискутирам, ниту за

реплика да се јавувам, но ме поттикна последниот говор на господинот Славески, министерот за финансии. Тој со намера да оправда нешто што сега го прави Владата навистина ги навреди сите образовани млади луѓе кои што се тука, во државата, кои што се тука во државата и во добро и во зло, кои што имаат исто така капацитети, можеби не помалку од овие луѓе кои што сега се ангажирани во Владата и за тоа господине Славески внимавајте кога зборувате, затоа што овие ваши изјави, овие ваши зборови допираат до многу луѓе на кои што навистина им значи и државата и се едуцирани и се подготвени, а впрочем и вие ги подготвувате да им помагаат на државата, па ако нешто не чини ќе треба да смените како професори на факултетите каде што ги образувате нашите генерации за да ја градат нашта држава.

**Иван Атанасовски:** Благодарам.

Една минута за контра реплика на министерот Салвески.

**Трајко Славески:** Повеќе од 20 години сум во образовниот процес во високото образование како асистент и како професор, илјадници студенти биле потпомогнати во совладувањето на материјата од моја страна и од моите колеги и госпоѓо Иванова, ве уверувам дека моите студенти го делат моето мислење. Јас знам што зборувам.

**Иван Атанасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправата.

За збор се јави пратеникот Кире Гештаковски.

Повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Навистина испровициран бев од воведното излагање на министерот. Колку што се сеќавам јас на 5 јули господине министре излеговте на избори со две пароли, со два лога “Македонија може” и “Македонија има сила”.

Сега не ми е јасно дали се откажавте од тие ваши пароли и дали го сменивте вашето мислење. Кажавте дека кога ќе дојдете на власт ќе го ангажирате целокупниот потенцијал, стручен експертски во Република Македонија. Не кажавте дека ќе донесете една третина од Владата, условно кажано, странци. Советници исто така една третина, директори на јавни претпријатија, на Фондови за здравство. Имавте намера и јавен обвинител да донесете од стрнство па енормно да го плаќате како што ќе ги плаќате сега оддржувањата на нивните имоти. Бевте спремни огромни суми да платите за јавен обвинител, а за домашниот, нашиот, кој сигурен сум не е ништо помалку стручен само 7 до 8 илјади евра да му дадете годишно. Која е пораката на младите образувани наши кадри кои претходните 4 години секојдневно на вашите Прес конференции ги повикуваа министрите од старата Влада дека е генератор на бркање на тие млади кадри надвор од државата, од татковината како што милувате да кажете.Што им порачавте сега? Дека тие се помалку вредни? Нивните дипломи помалку тежат? Знаете ли колку илјадници млади деца имаат земено дипломи на најпрестижните светските универзитети? Зошто тие да не добијат шанса? Што им порачувате сега? Дека не сметате на нив и да продолжат среќата да ја бараат во Австралија, Америка, Канада, па така полесно ќе можат некако да се вратат, после тоа откако ќе се снајдат таму, тука и директно да бидат застапени во Владата на Република Македонија. Како фуриозно работите, а тоа го кажувате секојдневно, по 24 часа дека работите и сабота и недела, па условно кажано и на нашите домашни министри ќе треба да им плаќате за одржување на имотите, бидејќи тие тука ќе ги запуштат нивните имоти, немаат време кога да се посветат на одржување на нивниоте иммоти. Ако продолжите вака да работите 4 години фуриозно, мислам дека ќе треба да размислите и на нашите министри, ако не друго заради рамноправност да им платите за одржување на нивните имоти.

Мислам дека најчесно е да излезете со податок колкав број на луѓе се опфатени, за какви имоти, од прилика колкав износ ќе зафати ова нивно одржување. Можеби тие имаат таму фарми, да се одржува фарма е многу скапа работа, можеби некој има претпријатие. Навистина, најмалку што треба да направите е, треба да ни објасните, можеби ќе не убедите дека се работи за мали средства, но бидејќи познат ни е вашиот стил на работа, односно како да ни се враќа 1998 година и навистина сите сте како една машина за трошење на пари. Колку пари и да има, вие можете да ги потрошите.

Еве, гледам пред некој ден, Министерството за здравство во Холидеј Ин имаше новогодишен коктел, Фондот за здравствено осигурување во Континентал, 600 души коктел за вработените. Се трошат илјадници и илјадници денари, а знаете дека од 1 јануари минатата година до 5 јули, но и после тоа, главна преокупација на новинарите и медиумите и на вашите Прес конференции беа 10-те илјади денари потрошени за трите подароци министерките што ги зедоа минатата година. Па каде се сега тие 280.000 денари потрошени од Фондот за здравствено осигурување и 120.000 денари од Министерството за здравство. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Реплика три минути за министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Сакам само на господинот Гештаковски да му кажам, кога зборувавме дека “Македонија може”, “Македонија има сила” секогаш мислевме и на раселена Македонија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓиса Славица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колешки и колеги пратеници, почитуван мминистер за финансии.

Јас ќе се држам до вашето ветување дадено и во текот на расправата во општиот претрес по буџетот, меѓутоа, и вчера каде што рековте дека ова што е предложено во Законот за извршување на буџетите, односно членот 12, е само идеја која ќе ја дискутираме, затоа што досега такво нешто воопшто не дошло на дневен ред и денес конечно дојде на дневен ред. И покрај тоа што јас не се согласувам со вас начелно, заради тоа што овој член од Предлогот за извршување на буџетот има директни импликации на буџетот. Сметам дека вие имавте обврска како министер да објасните од која ставка и колку средства ќе ја чини Република Македонија одредбата од овој закон за извршување на буџетот. Мислам дека можеби и намерно ја фокусирате расправата само двајца министри во Владата, на господинот Веле Самак и господинот Глигор Ташковиќ. Не е точно. Членот 12 се однесува на сите избрани и именувани функционери кај буџетските корисници од централната власт кои пред нивниот избор или именување имале живеалиште или престојувалиште во странство или биле на работа во странство од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување. Тука спаѓаат пратеници, директори на јавни претпријатија, дури и раководители во одредени сектори. Проблемот е што ние не ја знаеме точната бројка, ниту пак мислам дека вие ја знаете ниту можете да ја предвидите, затоа што ова не вели дека е за досега избраните, туку генерално за сите што и во иднина ќе се изберат. За овие за кои досега знам дека би можело да важи, тоа се министрите г. Веле Самак, г. Глигор Ташковиќ, г. Иво Ивановски и заменик министерот за земјоделство Перо Димшоски, за кој не лзнам од кои причини не го споменувате, кој исто така е дојден од странство и исто така е член на Македонско-Американската асоцијација за пријателство, од каде сега ги влечете кадрите.

Ве повикувам, затоа што рековте дека точно ова е точката за која ќе дискутираме, да кажете колку ќе ја чини Република Македонија ангажирањето на овие лица. Дали имаме обврска да плаќаме за нивните кредити со кои се купувале имоти. Дали ова е порака до сите пратеници, до сите други избрани и именувани лица буџетски корисници да купуваат имоти во странство затоа што Влада ќе ги отплаќа нивните кредити.

И зошто господине Славески, кога вие имате земено кредит, зошто да не сте во рамноправна положба со останатите министри во Владата, затоа што според Уставот сите граѓани се еднакви, ако отплаќате кредити на тие во странство, зошто да не се отплаќа и вашиот кредит, затоа што вие сте исто така избран и именуван. Доколку вие купите имот во странство, дали сте свесни дека овој член ќе важи исто за вас?

Тоа што мене ме загрижува е перманентното навредување на граѓаните на Република Македонија. Тоа го зборував и кога беше изборот за Владата. Господинот Груевски во своето излагање упорно инсистирајќи на ангажирање на лица, на граѓани државјани на Република Македонија од странство, упорно ги навредува граѓаните на Република Македонија кои останале да живеат во Република Македонија кои решиле целиот свој работен век да го поминат тука и да инвестираат со своето знаење, кое оваа држава им го дала, да го возвратат на Република Македонија. И тогаш реков и сега тврдам дека ваквите тези се навреда за нашиот образовен систем, затоа што се искажува недоверба на сите кадри кои се образувале во Република Македонија, се изразува сомневање во квалитетот на кадрите, се изразува сомневање во квалитетот на нашиот образовен систем. Ако е една од пораките до сите млади луѓе оваа од членот 12, младите луѓе да дојдат од странство затоа што тука се создаваат луслови да работат, ако ова се единствените услови што Република Македонија треба да ги создаде младите луѓе од дијаспората да дојдат, да сес вратат во Република Македонија и да работат, бидете уверени јас ќе го поддржам. Меѓутоа, јас се сомневам дека тоа е така, затоа што ова е за еден мал дел од тие граѓани кои ќе бидат избрани и именувани функционери во Република Македонија, а ќе се согласите, тоа не можат да бидат сите млади кадри што се во дијаспората. Јас се прашувам кои се тие млади луѓе што ви викаат браво за ова. Јас ќе ве поддржам доколку дојдете пред оваа говорница и доколку кажете дека сте обезбедиле поповолни кредити за сите оние млади луѓе што се надвор, а кои ќе одлучат да се вратат во Република Македонија и да започнат свој бизнис и да обезбедиме за нив поволни кредити за да може и да ги вратиме во Република Македонија и да им овозможиме подобар почеток за вложување на нивното знаење и на нивната финансиска моќ. Меѓутоа, да плаќам, граѓаните на Република Македонија заедно со мене, да плаќаат за одржување на имотот во странство на избрани и именувани функционери, тоа нема никогаш да се согласам.

Мене ми е многу жал што премиерот не е тука, затоа што мислам дека премиерот имаше обврска, доколку беше ваков планот, доколку бил ваков договорот со господата Веле Самак, Глигор Ташковиќ, Иво Ивноавски и Перо Димшоски, тогаш во своето експозе кога ја претставуваше Владата, имаше обврска на јавноста да и соопшти која е цената за која се дојдени министрите од странство или сите избрани и именувани функционери кои доаѓаат од странство. И дали во такви услови, под услови на ваков договор, граѓаните ќе ја дадеа поддршката за таа Влада.

Јас не можам никако да се согласам дека образложениеето на господинот Груевски, дадено на вчерашната седница посветена на пратенички прашања, е доволно да ме разубеди дека не сум во право. Не мислам дека изговор може да биде ниската плата, дека дошле заради многу пониска плата во Македонија, ниту пак мислам дека треба да им се воодушевувам за тоа што се откажале од друго државјанство, ниту пак мислам дека треба да ги жалам затоа што многу тешко издржале во

претходниот период и дека не можат вечно да издржат за да ги отплатат своите кредити и за да ги одржуваат своите имоти во странство. Не, затоа што сите пред да се нафатат на оваа функција очекувам како сериозни луѓе, претпоставувам, сериозно да проценат каков чекор прават, какви последици имаат од таквиот чекор, дали и како тоа ќе се одрази на нивнито тек на животот, дали ќе бидат одделени од фамилиите, како и сите пратеници тука кои се надвор од Скопје и секој ден патуваат, по цел ден се тука, ги гледаат фамилиите можеби 1-2 часа дневно. Ако пресметале дека станува збор за привилегии, тогаш морале да рачунаат и на одговорностите, морале да сметаат и на ризикот што го преземаат. Апсолутно не можам да се согласам дека треба да постои било каков изговор за да се предложи еден ваков член во Законот за извршување на буџетот. Не е тенденцијата, како што тврди господинот Груевски, да се нападнат министрите по било која цена, заради тоа што, ќе цитирам, немаме поинвентивна идеја како да ги нападнеме, па сме се фатиле за оваа работа. Нема пратеник тука, без разлика од која пратеничка група,што нема да поддржи активност на некој министер кој ќе придонесе за донесување на странски инвестиции под поволни услови што ќе ово9зможи вработување или намалување на бројката на невработени во Република Македонија. Меѓутоа, обвинувањето на опозицијата дека нема поинвентивна идеја за напад на министрите, не може никако да биде изборот да не дискутираме и не дебатираме за ова денес. Ако постојано тврдевме дека ова е точка од дневен ред кога ќе дадете прецизни детали, бидејќи јас не видов прецизни детали ни кај господинот Груевски дадени на вчерашната седница, јас ве повикувам да дадете прецизни детали за колкава бројка станува збор, колку ќе чини тоа, од која ставка на буџетот, заради тоа што во најмала рака вие се обврзавте на транспарентно работење.

Се разбира, сакам да дополнам дека, во интерес на јавноста, тоа што министрите патуваат по светот, секаде во светот во оние држави во кои се задолжени, дека за тоа добиваат дневници, дека добиваат патни трошоци и дека на тој начин им се компензира еден добар дел од нивната активност. Меѓутоа, ова не е концепт кој што ние би можеле да го прифатиме. Не станува збор како што вели господинот Груевски дека некој од пратеници не може до крај да го разбере концептот на привлекување странски директни инвестиции. Тука воопшто не зборуваме за таков концепт. Ние не зборуваме за концептот и за начинот на кој што ќе се привлечат странските инвестиции. Ние зборуваме за начинот на кој што Владата сака да компензира ангажирање на експерти од странство, како што вие милувате да кажете. Ние не можеме да го разбереме концептот за надоместување на трошоците за одржување имот во странство на избраните и именуваните функционери од страна на Република Македонија. Тоа не е концепт на прибирање странски капитал. За разлика од вас господине Славески, она што мислам дека како порака ќе го испратиме до малдите, тоа е да одат во странство, од таму да се зачленуваат во некое друштво за соработка, мешовито друштво за пријателство, да се изборат на некаков начин да бидат избрани и именувани функционери во Република Македонија, затоа што така повеќе ќе се ценат, затоа што нема ништо да изгубат, затоа што оваа Влада ќе им го надомести она што им недостасува, односно ќе им ги отплатува кредитите, ќе им надоместува за одржување на нивниот иммот што го платиле во странство. Ова не е решение за враќање на младите кадри во Република Македонија. Напротив, јас мислам дека со ова младите кадри уште повеќе ќе се поттикнат да одат надвор.

Ги повикувам моите колеги, госпоѓата Лилјана Поповска која зборуваше пред малку дека е одличен буџетот, колегите од НСДП кои исто така го поддржаа буџетот-ако бараат одговор на тоа каде се нашите пари, каде се трошат и ако се согласни со констатацијата дека голем дел од нашите пари исчезнуваат и не се знае каде завршуваат, со овој член во Предлогот за извршување на Законот за буџетот точно се знае каде ќе завршат парите на граѓаните. Точно, во приватни џебови како што вика господинот Трајко Славески, меѓутоа, во приватни џебови на за сега избраните министри во Владата и дополнително на сите избрани и именувани лица кои што ќе се случат во текот на мандатот на оваа Влада. Сметам дека тоа е сериозно прашање за кое пратениците треба да размислат.

Затоа, ги повикувам пратениците и од парламентарното мнозинство, наместо да му ракоплескаат на господинот Славески за неговите неаргументирани излагања за овој член, сериозно да подразмислат за каков закон за извршување на буџетот ќе гласаат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев**: Почитувана колешке Грковска,

Од она што го имаме како настап и на претставниците на СДСМ во изминативе две години, можеме да заклучиме дека вам ви пречи се. И диплома од Прилеп и диплома од Стенфорд. Одлучете се конечно што е тоа што ви пречи, а што е тоа што не ви пречи.

Втора работа, Бугарија и Србија се управија и имаат стотици и стотици милиони долари инвестиции, па дури и милијарди долари. Кој го донесе таквиот пресврт во Бугарија и во Србија? Токму луѓето кои ги донесоа од странство. Половина нивна влада, чиновници, советници и слично беа Бугарите и Србите од странство кои дојдоа да го вложат своето знаење во нивната татковина. Кој е оној кој ги донесе инвестициите во Израел? Кој е оној кој ги донесе инвестициите во Полска? Тоа се Американците со полско потекло. Кога зборуваме за Ирска, 40 милиони Ирци во САД се вратија, беа менаџери во

Мицрософт, во Цисцо, во Интел и во други фирми кои после ги донесоа тие инвестиции.

На крајот, немојте ваква хипокризија да покажувате. Кажете јавно, вие како Славица Грковска, кога патувате во странство дали добивате дневница или не? Дали Никола Поповски, кога патува во странство како пратеник добива дневница или не? Радмила Шекеринска, кога овие 4 години патуваше добиваше дневници или не? Да, добиваше. Исти, адекватни дневници ќе добиваат Самак, Ташковиќ и другите. Само што овие ќе донесат некакви резултати, а вие не донесовте никакви резултати.

Која една инвестиција ја донесовте во Македонија? Џонсон контролс? Не. Затоа што местото каде требаше да се гради беше полјана, кога беше избрана оваа Влада вечерта на 27 август. Таму немаше буквално ништо. Имаше ливада, имаше трева и немаше ништо. Требаше стотици илјади кубни метри песок да се тргне, да се израмни сето тоа, да се донесе струја, да се донесе вода, да дојдат Американците 25 дена после тоа и да се случи конкретната инвестиција. Беше застаната работата со Џонсон контролс. Конкретно, дали е тоа заслуга на вашите министри или директорот на Слободни економски зони од ДУИ, одлучете сами.

На крајот, не можам а да не ви кажам дека никогаш нема да одите напред. Никогаш нема да донесете модернизам во оваа држава со овој начин на размислување. Вие ќе се модернизирате тогаш, не кога ќе давате вакви говори кои не поминуваат никаде, туку кога наместо тројца или четворица луѓе ќе донесете 10 луѓе од странство. Не мора да бидат министри, но да бидат луѓе кои ќе имаат знаење. 60 години ги бркавте луѓето од оваа држава. Ниту еден човек кого избркавте од Македонија не го вративте. Конечно, некој реши да се врати и добро е тоа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Ми пречи кога Владата на Република Македонија искажува дека нема доверба во граѓаните на Република Македонија. Ми пречи кога министерот за финансии тврди за целата македонска јавност дека провинцијализмот во Македонија ќе исчезне кога ќе дојдат кадри од странство. Тоа ми пречи. Ми пречи тоа што Владата на Република Македонија ги навредува сопствените граѓани. И, нема никогаш да прифатам решенија со кои што ќе им се плаќа надоместок за одржување на имотот во странство на сите избрани и именувани функционери во Владата на Република Македонија.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика, пратеник госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господин потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги, почитувана колешке Грковска,

Би апелирала да не ги извртуваме тезите. Се среќаваме во случајов со Буџет за кој што можат да се искажат многу пофални зборови. Овој Буџет беше најрано донесен до сега во Собранието. Овој Буџет беше разгледуван уште во претходната фаза, кога веќе пратениците го имаа, можевме да комуницираме со министерот и со Министерството за финансии, да дебатираме, да лобираме за своите амандмани. Овој Буџет беше прифатен на начин во кој што се вградија 23 амандмани од пратеници во него. Овој Буџет беше донесен, навистина, низ една соработка на позицијата и опозицијата и Министерството за финансии. Мислам дека овој Буџет, навистина, има многу причини, според кои прави пресврт. Носењето на овој Буџет прави пресврт во Република Македонија по многу нешта.

Јас би сакала овој Буџет да биде репер под кој не ќе смеат да одат сите други министри и сите други влади. Конечно, видливо се чувствуваат некои промени во многу нешта. Не само во носењето на буџетите. Промени во односот Влада-пратеници, министер за финансии-пратеници. Ова е за прв пат еден министер за финансии убедливо и видливо да ги испочитува ставовите и мислењата на пратениците.

Ова се само дел од работите за кои што јас сум се залагала со години. Затоа со мирно срце го поддржувам овој Буџет и Министерството и Владата. Сето ова што го кажав го кажав втемелено на конкретни аргументи што ги искажав. Затоа апелирам да не се извртуваат тезите, да не се запрашуваме, да не бараме невозможни нешта и да бараме влакно во јајцето.

Вие зборувате за тоа каде ќе се потрошеле парите и дека тоа било несоодветно. Па, колешке Грковска, ние со години се прашувавме каде се трошат нашите пари. Тие наши пари се одлеваа на невиден начин, на незнаен начин. Буџетите се зголемуваа, имавме се повеќе и повеќе издвојување на средства, а услугите на граѓаните беа се полоши и полоши.

Можеби одговорот, сигурна сум дека одговорот лежи во нашето 105-то место на листата по степенот на корупција. Таму беше Македонија во борбата со корупцијата. Очигледно дека парите се одлевале во приватни џебови. Јас многу повеќе сакам да се инвестира во луѓе кои со знание ќе влезат во Македонија и ќе придонесат да направиме еден пригоден развој, еден сериозен развој, еден сериозен исчекор што ќе биде, во тоа сум сигурна, ќе биде еден показател и стимул за младите генерации не само да останат во Македонија, туку и од надвор да се вратат.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам многу за репликата, затоа што на овој начин маските паднаа.

Мислам дека со оваа реплика конечно се демистифицира госпоѓата Поповска. Се демистифицира лицемерието што неколку години наназад, во зависност од потребите, го практикува за различни прашања, госпоѓата Поповска. И покрај залагањата за транспарентно трошење на парите и за незавршување на парите во приватни џебови, кажа на крајот од репликата дека ќе гласа да се плаќа на избраните и именуваните функционери во Република Македонија за одржување на нивните имоти. А, тоа не е инвестирање во знаење.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник, господин Јашари Аднан, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Ќе бидам пократок, нормално ќе го кажам моето мислење во однос на Предлогот на Закон за извршување, што до овој момент, според концептот или својата структура е приближно или ист, буквално ист со Законот за извршување на Буџетот за 2006 година.

Повеќе од евидентно е дека извршувањето на Буџетот во согласност со одредбите од Законот за буџет се направи преку носењето на еден ваков посебен закон што во себе има опфатено прописи како буџетските корисници треба да ги искористат средствата од Буџетот.

Но,тоа што мене ме наведе да се јавам се две прашања или два факта, за што се расправа, како што е случајот со членот 12, за што на долго се расправаше и дискутираше. Јас во оваа можност ќе нагласам дека овој член за мене, да не речам е спорен, туку има одредена празнина од аспект на тоа што Собранието нема да има можност, иако правно е задолжен да врши политичка контрола, Собранието нема да има можност да врши таква контрола, затоа што ќе нема простор или податоци во однос на тоа колкава ќе биде висината на средствата што ќе се доделат на име надоместок за одржување на имотите на избраните и именуваните функционери, чие место на живеење е надвор од територијата на Република Македонија.

Од овој аспект, според мое мислење, Собранието е оневозможено да врши политичка контрола, иако правно е задолжено да ја врши таа контрола.

Другото прашање што во оваа можност се наметна, а не се кажа од ниту еден пратеник е прашањето за амандманот што е предложен, во однос на начинот за вработување на одредени лица по основ за договор на дело.

Се говори за еден амандман што во иднина предвидува одредени лица, кои, нормално, ќе имаат можност да се вработат по договор на дело, во иднина во централните органи или субјектите основани од државата, како што се јавните претпријатија, трговски друштва во државна сопственост да можат да се вработат, но само под услов претходно од соодветното министерство, од Министерството за финансии, како надлежен орган или трговското друштво да обезбеди претходно одобрение.

Во оваа насока, ценам дека има една недореченост во овој амандман, затоа што се поставува прашањето што со лицата кои сега се вработени во јавни претпријатија, во централни органи или во трговски друштва во државна сопственост, а чија основа е договор за дело. Што ќе стане со овие лица? Ќе се даде одобрение од Министерството за да можат да продолжат со работа или ќе се направи отстранување или исклучување од нивните работни места?

Уште еднаш ќе кажам, доколку има можност министерот да го објасни ова прашање, би било добро.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Можеби е згодно сега да дадам одговор на последното прашање во врска со таканаречените договори за дело.

Не навлегувајќи во цитираните членови, сакам да му кажам на почитуваниот пратеник дека станува збор за незаконска категорија. Договорите за дело, оваа Влада, оние што ги затекна како лица ангажирани на тој начин, подолгорочно ангажирани, имавме со години обновувани договори, со истекот на тој договор, лицата кои продолжуваат да работат во органите да се пријавуваат во агенции за вработување, има приватни такви агенции и на тој начин се регулира нивниот однос на одредено работно време. Додека, за сите други важат одредбите од Законот за работни односи или Законот за државни службеници.

Значи, строго ги почитуваме законите, договорите за дело во целост се знае каде им е местото. Ако господинот мислеше на тоа на кој начин ќе бидат ангажирани лицата кои и претходно работеле со такви аранжмани, што се незаконски, за оние за кои се цени дека треба и понатаму да се користат нивните услуги, се формализира односно нивниот статус се утврдува со ангажирање преку агенции за вработување кои се воведени со измените во Законот за работни односи донесени 2005 година.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Гледам, навистина дека Владата живее во еуфоријата и поддршката што мисли дека ја има.

Во неколку наврати, говорејќи, велев дека кога мислите дека сте на врвот, тогаш всушност почнува вашето паѓање надолу. Немојте на ваков начин да ги злоупотребувате благодетите што ви ги нуди власта. Немојте да правите дека за една работа, кога вам нешто ви одговара и кога тоа

маркетиншки сакате да го прикажете за ваши политички поени, да го прикажувате како национален интерес и како нешто што е добро за Република Македонија, како нешто што е реформа да го претставувате и дека сте конзистентни во почитувањето на законите, а за некои работи што не ви одговара, да применувате друг аршин. Значи, за сите други граѓани ќе важат законите, ќе важи битката против криминалот, а за претставници или поединци од власта тоа нема да важи. Така нема да издржите долго, односно така нема да ве издржи долго ни опозицијата, а што е уште поважно, граѓаните на Република Македонија.

Дали, наместо да се расфрлате со пари за луксузирање, кога говоревме за Буџетот за мебел, за коли, за бензин, за сметки по кафеани и т.н., и т.н., наместо да се рафрлате со пари за отплата на кредити за имот на членови на Владата во странство и за одржување на тој имот, да ве запрашам нешто друго, дали ги исплативте стечајците и тутунарите или се уште само им ветувате? И, сеуште тоа ветување си го рачунате како реформа?

Дали ги исплативте односно дали ги субвенциониравте земјоделците, во кои се полневте во кампањата и кои, една од категориите што ве донесе на власт се токму тие? Дали ги зголемивте платите на вработените во образованието и културата или за културата имате само за музеј на ВМРО и за музеј на жртвите против комунизмот? А, немате, на пример за музеј на жртвите од врховизмот. Можеби тоа ќе ви треба, затоа што жртвите од врховизмот биле ВМРО-овци.

Понатаму, зошто не ги зголемивте платите на здравствените работници, туку ги намаливте? И таму, за нив ќе нема плати, зголемување на платите, а ќе има плати за нови функционери, за дупли директори и за отворање на нови фунцкионерски плати, на кои места ќе поставите ваши партиски луѓе, на кои нешто сте им ветиле во кампањата. И, дали со тоа ќе го партизирате здравството, покрај тоа што нема да им ги зголемите платите на обичните здравствени работници, кои исто така гласаа за вас и ве донесоа на власт?

Зошто повеќе пари нема, на пример, за пензионерите, во кои исто така се колнете дека ќе им обезбедите бесплатно здравство, бесплатно осигурување и не знам што уште не. И тоа си го рачунате како некоја идна реформа во идно несвршено време.

Да ви кажам нешто искрено, како граѓанин, не како пратеник. Не само на вашата Влада, туку и на било која идна влада, па вклучувајќи и некоја идна влада што се надевам дека по вас ќе дојде и ќе раководи, на пример, СДСМ. Ниту една влада понатаму во Република Македонија нема, можеби да дочека да си го истера регуларниот четиригодишен мандат ако не создаде услови да се зголемат платите на сите граѓани во Република Македонија, не само оние кои се под државна капа. Да се создадат услови секој граѓанин во Република Македонија да може на своето семејство да му однесе дома повеќе пари. Да има поголема плата за 100 или 200 евра. Тоа се реалните придобивки од реформите што треба да ги правите.

Засега, не гледам такви услови дека такво нешто оваа Влада го нуди на Република Македонија. Веќе сите приказни за реформи, со сета почит кон вашиот почетен ентузијазам и вашите добри намери, сигурно и вие сакате да направите нешто добро, сигурно имате добри идеи, меѓутоа од ветувањата до реалноста, патот е долг.

Дали ќе опстоите на тоа со методите со кои сте тргнале, чисто се сомневам. Кога македонскиот граѓанин нема да биде загрижен како ќе ги плати комуналиите, како ќе го плати школувањето на неговите деца, како ќе обезбеди облека и храна, кога ќе се создадат услови да се зголемат платите, тоа ќе бидат реалните придобивки. Тогаш ќе се живее подобро во Република Македонија. До тогаш сите приказни реформи за Европа, за НАТО, ќе бидат само пусти желби. Откога ќе го оствариме, се надевам, сите заедно, искрено затоа што тоа се високи заеднички приоритети на нашата држава, тоа треба да го обистиниме во реалноста, луѓето треба подобро да живеат, треба да имаат поголеми плати. Вие сте должни тоа да го направите и тоа да го овозможите. За жал, наместо да го правите тоа, вие се расфрлате со државните пари и за Буџетот за кој денеска зборуваме.

Затоа се чудам и велам како не ви е срам, дали навистина се тоа македонските патриоти, дали се тие можеби патриоти за пари, се нафатиле да бидат членови на Владата на Република Македонија за да заработат нешто или за да направат нешто добро за граѓаните на Република Македонија, како што зборував претходно, да им ги зголемите платите за сто, двеста евра или да си ги зголемат своите конта на приватните сметки затоа што вие ќе им го кредитирате имотот во странство или како што вашиот премиер кажа не сме можеле да го разбереме концептот на привлеквување на странски дирекни инвестиции.

Исто така кажа ако е ова концептот, тогаш јас ќе кажам дека навистина е срамота, срамота за она што се расфрлате со државните пари на граѓаните кои ве гласаа. Срамота е затоа што премиерот кажа до колку државата не им го плаќа одржувањето на нивните имоти, замислете тие ќе требало да прогласат банкрот во странство. Па, што ако прогласат банкрот, што ако банкротираат. Мислите дека мене или на некој граѓанин земјоделец што едвај скрпува крај со крај му е гајле дека Ташковиќ и Самак ќе банкротирале во Америка? Нема зима за нив велат обичните граѓани. Нема да банкротираат, не се секирајте. Затоа се смешни, трагични, жалосни и скандалозни изјавите на премиерот. Ако е тоа неговиот концепт за привлекување на странски дирекни инвестиции. Па, што се нафаќале тогаш и Самак и Ташковиќ ако банкротираат или можеби се прерачунале или некој им ветил однапред дека

ќе се трошат државни пари за нивните имоти, па може од тоа нешто да заработат повеќе. Или можеби им е ветено, па не кажувате, затоа не кажувате колку пари, дека ќе донесете некоја огромна санта лед од Јужниот пол за да одгледуваме пингвини, на Ташковиќ пингвините да ги одгледуваме во Македонија. Срамота. Навистина срамота. Срамота затоа што ова што го правите е криминал. Уште поголем сомнеж за тоа фрла вашето однесвување затоа што не сакате да кажете колку се тие пари. Ајде што не сакате да го кажете основот, ве разбирам, бидејќи не псотои таков основ, меѓутоа, постои сума на пари која реално ја трошите и ја плаќате. Ја плаќаме како држава сите. Која е таа сума, кажете.

Знаете што, ако не кажете вие ќе дознае опозицијата. Од оваа тема нема лесно да се ослободите, нема да се одлепите од оваа афера. Ќе ви остане како опашка, ќе ви биде Бачило. Сантата лед за пингвините на Ташковиќ ќе ви биде Бачило.

Ако не дознаеме ние како опозиција можеби ќе дознаат медиумите. Ако не дознаат медиумите можеби ќе дознае новата Антикорупциска комисија. Ако не дознае новата Антикорупциска комисија можеби нејзе ќе и помогне новата Транспарентност Македонија како невладина организација која се бори против организираниот криминал и корупцијата. Можеби на Транспарентност, она што ќе го дознае Антикорупциската и Транспарентност Македонија заедно сето тоа ќе го процесуира новиот јавен обвинител кој вие ќе го изберете како независен во оваа држава и кој непристрасно и неселективно ќе се бори против криминалот. Тогаш ќе ја имате и нашата подршка, тогаш на тој јавен обвинител и ние ќе му ја дадеме подршката, кога ќе дознае колку пари плаќате за имотите, за нивното одржување и за кредитите на министрите во Владата на Република Македонија.

На крајот дали вака ќе постапевте со оној првичен концепт и оној првичен еуфоричен занос, опиени од победата и од привилегиите на власта кога најавувате дека ќе поставите странец директор на МРТВ, странец јавен обвинител и тогаш на странец јавен обвинител ќе му ги плаќавте неговите трошоци за одржување на имотот во странство? И тој ќе требаше да ви каже дека тоа е противзаконски, тоа е криминал, ако навистина како странец би бил непристрасен. Значи, од една крајност во друга, од една грешка во друга се заплеткувате и навлегувате.

Извадете ги работите на чистина ако сакате да ви веруваме. Вака, ви велам, ова ќе ви остане како црна дамка и нема лесно да се ослободите од оваа афера.

Ќе ги искористиме сите демократски институционални механизми оваа тема да ја држиме и понатаму отворена и за оваа тема да ја истераме на чистина низ институциите на системот во законска процедура. Меѓутоа, не знам кој ќе понесе одговорност до колку се утврдат злоупотреби и незаконитости. Владата како колективно тело, премиерот како одговорен и претпоставен на Владата? И како иницијатор на ваквата идеа.

Значи кој е тој што ќе одговара за ваквите скандали на Владата? Се мачите, правите туц муц, дтката пред македонската јавност не сакате да кажете колку пари трошите за оваа намена. Знаеме дека не е законски, веројатно затоа не сакате да ја кажете сумата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Господине Кондарко знаете што е вистински криминал во Република Македонија ? 16 години загубена транзиција, приватизација од олигархијата, раскантана држава со најголема невработеност во Европа, со најголема сиромаштија на Балканот, последни во Европа и најлоши на Балканот. Тоа е вистински криминал. Каде сме и каде се наоѓаме, таму се наоѓаме. Зошто? Затоа што имавме од страна на вашата партија некомпетентно водство. Ние сме неконкурентни за глобалната економија. Дали се согласуваме? Да. Зошто? Затоа што не произведуваме компјутери, не произведуваме мобилни телефони, не произведуваме електронски авто делови, не произведуваме работи кои се конкурентни на глобалниот пазар. Не произведуваме модерни земјоделски производи, немаме инвестиции. Зошто? Затоа што ги префериравме Штерјо Наков, Скопски Пазар и т.н. и т.н., создававме лажни величини од социјалистички директори кои не се тркаа глобално, туку едноставно ги користеа благодетите кои им ги овозможуваше владеачката каста и олигархијата која самата си ја создаваше.

Колку инвестиции донесовте? Малку. Ич. Ги нема тие инвестиции. Кој странски инвеститор дојде во Република Македонија? Светот се движеше напред, видете го примерот со Унгарија директорот на Интел директно помогна да се инвестира во Унгарија. Погледнете ги примерите со Естонија, естонските американци или американците од Естонија сите тие им помагаа на своите држави.

Во врска со социјалната демагогија, велите да се зголемат платите. Да, платите треба да се зголемат, но како ќе дојдеме до поголеми плати, преку поголем Буџет. Како ќе дојдеме до поголем Буџет, преку поголеми дотации од стопанството. Како ќе дојдеме до подобро и поголемо стопанство, така што ќе имаме повеќе странски инвестиции кои ги немаме затоа што префериравме штериовци и скопски пазари наместо вистински мултинационални компании. Мултинационални компании не можат да донесат менаџери што не знаат странски јазици, кои не користат интернет, а такви беа авторитетите кои вие ги наметнувавте. Вие имавте плати како менаџер во Мајкрософт или како менаџер во Џенерал моторс од некои авторитети како Панде Лазаров кој сам себе си потпиша отпремнина како да работел на Волстрит, на Менхетен или на

Лондонска берза. Од тие луѓе градевте лажни авторитети и немојте со таа социјална демагогија дека платите сами од себе ќе се зголемат. Ќе се зголемат ако економијата биде добра. Немојте со такви луѓе како Владо Димов и слични кои имаат возен парк како Дејвид Бекам, тоа е вистинска хипокризија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Почитуван колега и пријател Влатко Ѓорчев. Навистина поминаа времињата на опозиционите прес-конференции на ВМРО-ДПМНЕ каде повторувавте еден збор неколку години олигарските, олигарсите.

Меѓу другото еден од тие кои ги набројувавте во вашата реплика беше и таткото на Веле Самак.

На крајот,нема да должам, навистина плачете како мали деца и не ме чуди зошто вчера пратеникот Есад Рахиќ ви подари новогодишно пакетче.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот Марјанчно Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Иако денешната седница можеби требаше да помине полесно, очигледно дека прашањата за кои дискутираме се мошне сериозни и одговорни и не можеме така едноставно да поминеме преку истите, бидејќи сепак се работи за пари, пари на граѓаните на Република Македонија кои Владата преку Буџетот ги троши и за истите треба да даде отчет.

Министерот во своето излагање повторно настапи во смисла на тоа да ги изврти тезите и да поставува прашања наместо да дава одговори од позицијата која ја врши значи министер на Владата на Република Македонија за финансии, кој се грижи за трошење на државните пари, парите на граѓаните, а не да ни кажува како било претходно и што се случувало претходно.

Господине министре вие треба да дадете одговор на конкретни прашања поставени од опозицијата за кои исто така гласале граѓаните на Република Македонија. Не можете да се однесувате дека сте уште пред 5 јули. На крајот на краиштата Буџетот е сериозна работа, темата за која разговараме е исто така многу сериозна и вие добро знаете дека транспарентноста, отчетноста и одговорноста се едни од најважните принципи при извршувањето на Буџетот на Република Македонија.

Би ве замолил во таа насока ќе поставиме неколку прашања да испаднете и конкретно да одговорите на овие прашања. Дебатите во смисла вие вака правевте, ние ги изгубивме изборите поради тоа што така сме правеле. Сега вие треба да дадете одговор зошто вие така правите.

Прво и основно прашање треба да одговорите за колкава сума на пари се работи која ќе се потроши за одржување на имотот на министрите од странство.

Како се движи дискусијата се повеќе станува јасно дека покрај трошоците за одржување на имот се работи и за враќање на кредити кои министрите, пред да станат министри, работеле во странство и ги зеле.

Исто така би ве запрашал господине министре во која земја од светот владата како корисник на средствата на граѓаните ги плаќа кредитите на своите министри. Каде е тоа случај и зошто така се прави.

Рековте дека од патриотски причини зошто министрите дошле во Република Македонија и ја оставиле својата работа во странство. Би ве запрашал дали патриотизмот е материјална категорија, дали тој може да се мери со пари и колку се тие пари.

Колку што знам патриотизмот е чувство и дека патриотизмот не може да се мери со пари. Ако така ги мериме чувствата како материјални категории, кажете колку патриоти би направиле до колку тие пари што ги трошиме за враќање на кредитите на министрите би ги потрошиле да ангажираме млади, стручни кадри од Република Македонија да ја вршат нивната работа. Македонија има кадри, има способни, обучени дури и доктори на науки кои чекаат во Бирото. Зошто парите не ги потрошиме нив да ги ангажираме да одат по светот и да бараат инвеститори.

Треба да одговорите на овие прашања. Тука се кажа зошто се девалвира оваа идеа затоа што сме почнале младите кадри во странство да се враќаат во Република Македонија.Каков пример им даваме? Кој сега ќе се врати млад успешен кадар од Република Македонија во странство кои се кога ќе побараат да им се плаќаат кредитите или имотот кој го имаат.

Вака не се создава атмосфера кадрите да се враќаат во Република Македонија. Се создава со отворање можности тие преку своите способности да покажат и да им дадеме шанса да придонесат нешто за Република Македонија, а после да ги наградиме. Не сега создаваме една специјална категорија и во името на патриотизмот, така нема да ги вратите кадрите. Затоа би ве замолил уште еднаш да испаднете на говорницата и да одговорите на некои прашања. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитуван министер,

Ова за што денеска расправаме можеби се чини дека се одолговлекува расправата, меѓутоа, нашето присуство и говорење токму на оваа тема укажува на значењето и на сериозноста.

Навистина ова се прашања кои заслужуваат да бидат отворени и заслужуваат да добијат одговор.

Уште вчера видов дека начелото на транспарентност во Владата се губи заради тоа што премиерот не одговори на поставените прашања. Денеска и покрај ветувањата кои беа дадени дека точно и прецизно ќе им се објасни на пратениците, а пред се на македонската јавност и на македонските граѓани од чии џебови и од чии семејства се делат парите за буџетските корисници како и колку пари ќе бидат потрошени за намената која се предвидува со овој закон за одржување на имотите на министрите кои ги доведовте надвор од Република Македонија.

Ова го прикажавте како длабок патриотски чин на враќање на луѓе кои заминале од Република Македонија, а притоа имате министер кој во еден свој допис по електронска пошта во медиумите изјави “го мразам Скопје”. Сега истиот тој и истата македонска јавност и истото тоа Скопје дели од сопствените буџети и ќе му го плаќа одржувањето на имотот, ќе му ги плаќа кредитите во странство. Длабок патриотски чин, почитуван министре, длабок патриотски чин, членови на Владата и вие господа од парламентарното мнозинство ќе биде ако им овозможите на младите и образовани луѓе во Република Македонија да останат овде, а не да заминат и да ја напуштаат Република Македонија. Јас ќе се согласам дека навистина сме имале лоша политика во изминатите 16 години, лошо менаџирање со состојбите, но најлошото менаџирање беше токму во периодот на Владата на ВМРО-ДПМНЕ во 1998 до 2002 година. Сега, токму после овој член во Законот за извршување на буџетот, ако претходните најави за доведување на странци за јавни обвинители, странци за директор на МРТВ, странци за Фондот за здравствено осигурување, за се и сешто, само не за премиер, суште не ги поставувате, веројатно, за да ја слушнат денешната порака и да земат што е можно повеќе кредити заради тоа што македонската Влада е подготвена преку граѓаните на Република Македонија да им ги отплаќа. И не само тоа што ќе плаќаме за одржување на нивните имоти, за исплаќање на кредитите, туку им плаќаме и станови и сите други привелегии кои ги користат овде во Република Македонија. Нивните приходи не се само приходите од плата, што ги земаат.

Навистина би бил задоволен овие луѓе самите да покажеа длабок патриотски чин и да не плачат дека би банкротирале во државите во кои отидоа и ја напуштија Република Македонија, да направат еден голем чекор кон донесување на инвестиции и подобрување на животот на сите граѓани во Република Македонија, да помогнат на сите оние деца кои немаат услови овде да завршат факултети, а не да излезат надвор од Република Македонија и неколку илјади евра месечно да плаќаат за сопственото школување.

Токму од сите овие причини, мислам дека треба да се даде дециден одговор, колку се тоа пари кои треба да се потрошат, не само за овие министри кои сега се во Владата, туку и за сите оние што планирате да ги доведете од надвор.

На крајот, не останува ништо друго, туку, навистина треба да се честита, ама 1998 година. Иако до сега успешно глумевте дека е некое ново лице на ВМРО-ДПМНЕ, да ви кажам дека од добар статист не може да биде добар артист.

Благодарам.

**Иван Анастасивски:** Има збор пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Ќе започнам со прашање.

Зошто не одговарате на нашите прашања, господине министре, зошто се плашите од одговори? Па токму вие ветивте дека основни принципи во работењето на новата Влада ќе бидат чесноста, одговорноста и транспарентноста. Ова ли е транспарентно работење, господине министре?

Јас повторно ќе цитирам една многу убава заложба од-Преродбата во 100 чекори.

Вие ветивте дека ќе ја вратите демократијата во нашата практика. Велите медиумите и граѓанскиот сектор ќе ги третирате како генератор на промената на прогресот и како фактор во функција на интересите на граѓаните. Внимавајте, ве потсетувам. Вие ветивте секој граѓанин на Македонија ќе има целосна слобода на изразување на сопственото мислење. Тоа подразбира и полно право на критика за работата на државните органи, истражување на настаните и достап до вистината и одговорност на носителите на јавни функции, навремено и коректно да ги информираат граѓаните и јавноста. Сметавте дека критиката е коректор за работата на секоја влада и е здрава за секое општество. Духовите се возбудија во моментот кога вие доставивте Предлог-закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2007 година, токму во член 12.

Да не се повторувам, цел проблем настанува во вториот став од погорецитираниот член. Морам да го цитирам. Вториот член вели: “Владата на Република Македонија со одлука ќе ја определи висината на надоместокот за одржување на имотите на именуваните функционери од Владата”. Значи Владата од Република Македонија бара бланко поддршка, од нас пратениците во Собранието на Република Македонија, за издвојување на буџетски средства во неопределен, нелимитиран износ. Ова ли е транспарентно, чесно и одговорно работење, господине министре. Имате ли одговор на ова прашање? Тогаш ќе не убедите дека навистина има иднина, дека оваа Влада може да одговори на предизвиците за одговорноста во своето работење.

Имам конкретен предлог.

За да го докажете спротивното, барам лично од вас да побарате во овој момент да запреме со оваа расправа, да подготвите амандман со кој ќе го избришете овој втор став и ќе определите

точен износ, точен износ кој македонските граѓани ќе знаат дека го издвојуваат за да им се одржуваат имотите на избраните функционери од ДПМНЕ, во Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анстасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок: Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Имаме доволен број на пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласале 54, нема воздржани, 8 пратеници гласале против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 56, 1 воздржан, 10 гласале против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 21 по членот 20 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аднан Јашари, Блерим Беџети, Рафис Алити, Тахир Хани и Џевад Адеми, поднесоа амандман на член 13 за менување на став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандман за бришење на член 12, член 23 став 4 и на член 33 ставови 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мендух Тачи, Ружди Матоши, Флора Кадри, Насер Ајдини, Гарип Каба, Агим Рамадани, Елмази Селмани, Хазби Ибиши и Бесим Догани, поднесоа амандман на член 13 за менување на став 1 и за бришење на став 2 и истиот го повлекоа.

Пратениците Мендух Тачи, Ружди Матоши, Флора Кадри, Насер Ајдини, Гарип Каба, Агим Рамадани, Елмази Селмани, Хазби биши и Бесим Догани, поднесоа амандман на член 13 за додавање нов став по ставот 1 и истиот го повлекоа.

Пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска поднесе амандман за бришење на член 12, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманите за бришење на член 12, поднесен од пратеникот Славица Грковска и од пратеникот Мери Младеновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Славица Грковска;

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници, еден добар дел од аргументацијата ја дадов во општиот претрес по Предлогот за извршување на буџетот, меѓутоа остана еден дел што го задржав за амандманот, имаќи предвид дека ова може да биде последна шанса да го убедам парламентарното мнозинство да го поддржи овој амандман.

Нам ни се потребни резултати и конкретни решенија. Сакаме да зборуваме за тоа како да живееме подобро и посреќно. Ние нема да ветуваме чуда. Наместо тоа се обврзуваме за реализација на амбициозна но реална и остварлива програма која ќе придонесе подобар, побогат и посреќен живот. Нудиме програма и концепт кои содржат конкретни реформски мерки и проекти. Тоа се проекти и мерки што имаат прецизни тајминзи, пресметани трошоци, извори на финасиски средства и очекувани резултати. Нашиот пристап е јасен. Ќе работиме денонокно за да ја оствариме целта и да успееме. Имаме енергија и храброст да преземеме нови предизвици, решеност и волја, да истраеме пред тешкотиите и знаеме да понудиме решенија. Ние знаеме дека ќе успееме. Знаеме затоа што покажавме дека имаме лидерство и знаење да ја покренеме економијата. Ќе го направиме тоа повторно заедно со вас.

Да нема забуни, ова е дел од наша визија во Преродбата од 100 чекори и го прочитав заради неколку сегменти.

Прво заради тоа што се вели дека има реална и остварлива програма која ќе донесе побогат, подобар и посреќен живот, програма и концепт кои содржат конкретни реформски мерки и проекти. Меѓутоа дозвлете, да предложите и да го исплаќате одржувањето на имотот во странство на избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници, не е ниту конкретна реформска мерка и проект, ниту пак ќе донесе подобар, побогат и посреќен живот на граѓаните на Република Македонија, освен на оние неколку избрани и именувани фунционери кои ќе имаат посебна привелегија, за сметка на останатите за кои граѓаните на Република Македонија ќе плаќаат за нивните приватни кредити за имотите, земени во странство, а за сметка на тоа ќе добијат ништо.

Го прочитав најмногу заради тоа што во последниот дел се вели, ќе го направиме тоа повторно заедно со вас. И ако сте напишале во програмата дека тоа ќе го направите на овој начин, претпоставувам сте мислеле на граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа јас сум убедена дека ниту еден граѓанин на Република Македонија нема да даде поддршка, од неговите

средства, или како што вели господинот Трајко Славески дел од парите на граѓаните да се слеваат во приватни џебови на министрите или на избраните функционери, кај буџетските корисници.

Се одлучив повторно да се јавам за збор затоа што до сега не добивме ниту една сериозна аргументација зошто би требало ваков член во законот за постои. Ќе повторам, ова е за првпат, законски Владата на Република Македонија да предлага парите на граѓаните да се слеваат во приватни џебови и тоа го озаконува.

Не можам да прифатам, да не добијам никакво образложение, сериозно, почнувајќи од дебатата во Комисијата за образование, наука и спорт, кога заменик министерот за финансии воопшто и не знаеше дека постои ваков член на законот и наместо да си припишува на себе критика заради тоа, бараше виновници кај другите.

Не можам да прифатам тоа што министерот за финансии постојано го одлагаше аргументирањето за овој член, да дојде оваа точка на дневен ред и кога дојде точката на дневен ред да рече, ама премиерот вчера даде образложение, јас нема што да повторувам, ниту пак тоа што господинот Груевски кога го прашав, го премолча одговорот и не даде никаков одговор. Претпоставувам дека тогаш не го знаел одговорот и му требало време да се подготви, вчера да објасни кои се побудите за ваков предлог. Значи господинот Груевски во аргументите за вакво одделување на буџетски ставки вели: “Во врска со второто прашање сакам да напоменам дека во овој период дополнителните трошоци што ги имаат господинот Самак и господинот Ташковиќ, практично беа на нивни товар. Тие имаат дополнителни трошоци за одржување на нивните имоти во Америка, каде живееја до скоро и тоа не може да трае вечно затоа што нивните примања во Америка се доволни за да си ги плаќаат тие трошоци. Меѓутоа, нивните примања во Македонија не се ни половина, ни третина или слично, од тоа што се нивните трошоци во Америка. Така што, ако така продолжат, тие за кратко време треба да прогласат личен банкрот во САД затоа што сте слушнале какви последици има кога во Америка ќе прогласите личен банкрот. Од тука, до сега тие го издржаа тој период, меѓутоа не можат вечно да го издржат, а нивната задача е да и помогнат на Република Македонија за многу помала плата отколку што имале во Америка, меѓутоа не и да ги тераме да банкротираат во државата во која живееле и да не можат понатаму да земаат ниту кредит, ниту да можат во било која финансиска трансакција да учествуваат како индивидуа. Така што, од тие причини доаѓа измената во законот во кој тие не бараат поголема плата, повеќе пари за нив, туку исклучиво примања на одредени фиксни трошоци за одржување на нивниот имот што нема да дозволи да отидат во ситуација во која не би требало да отидат. Ако е согласиле да работат за пет или 10 пати помала плата во Македонија, тоа не значи дека треба да бараме од нив да пропаднат целосно финансиски и да прогласат личен банкрот во Америка. Јас се прашувам зошто премиерот на Република Македонија е загрижен за личната финансиска ситуација на неговите министри, на господинот Веле Самак, на господинот Глигор Ташковиќ, на господинот Иво Ивановски и на заменикот министер за земјоделие, зошто е загрижен какви финансиски последици ќе имаат тие, доколку работат за Република Македонија, зошто е загрижен да не дојдат во ситуација да земат ниту еден кредит, ниту да можат во било која финансиска трансакција да учествуваат како индивидуи, а не е загрижен за ситуацијата на стечајците, кои што цел век работеле во Република Македонија кои што ги манипулира и лажно им ветува во предизборната кампања дека ќе ги поддржат, а сега наеднаш имаат друг изговор. И еве, јавно сакам да кажам овој е одговорот. Не можат да се удоволат барањата на стечајците, затоа што премиерот е загрижен неговите министри кои што доаѓаат од странство да не банкротираат во странство, да не доживеат личен банкрот и за тоа потребно е средства од Буџетот на Република Македонија, од граѓаните на Република Македонија да се одделуваат за да им се плаќаат, како што појасни господинот Трајко Славески за кредити што земале за да купат имот во странство. Јас повторно ќе прашам каква е пораката што ја праќаме како држава.

Сакам да потсетам на уште едно тврдење во Предбата во сто чекори, дека на Република Македонија и е потребна мала но ефикасна државна администрација, целосно посветена за задоволување на потребите на нејзините граѓани. Заради рационално користење на ресурсите кадровски и материјални и за ефикасно извршување на одредени функции, државата ќе настапува преку партнерства со приватниот сектор од земјата и од странство. Да, меѓутоа, не со увоз на кадри од странство по цена да се плаќа за одржување на нивниот имот во странство.

Јас апелирам, ако била сериозна намерата, за мала, но ефикасна државна администрација, ве замолувам веќе да не ја зголемувате бројката на министри во Владата на Република Македонија, затоа што имаме една од најбројните влади можеби во Европа, ако не и пошироко, затоа што тоа сигурно не е во функција на намалување на администрацијата, ниту пак во функција на намалување, на рационално користење на ресурсите и кадровски и материјални и добро е граѓаните на Република Македонија да знаат дека ова е уште едно од ветувањата дадени во Преродбата во сто чекори, што оваа Влада почна да ги прекршува.

Мене не ми останува ништо друго, освен да апелирам до парламентарното мнозинтво, до моите колеги пратеници. Особено од оние кои што зборуваат дека за Буџетот треба да има приоритети и тоа им беше главен изговор зошто одредени суштински амандмани кои што решаваат суштински прашања за граѓаните на Република Македонија не ги прифаќаа. И, ги

прашувам. Дали е ова приоритет. Дали треба ова да биде приорирtет за сметка на реконструкцијата, на основните и средните училишта, за сметка за одделување на изградба на нови згради во основното и средно образование, за сметка на изградба на нови факултетски згради, на нови високообразовни институции, за сметка на зголемување на средствата во науката и научно-истражувачката работа, за сметка на зголемување на пензиите и на двоење на повеќе средства во културата кои се реално потребни за секојдневно функционирање ан граѓаните за подобрување на инфраструктурата, дали може ова да биде приоритет на Буџетот на Република Македонија.

Затоа ги повикувам пратениците од парламентарното мнозинство да го поддржат мојот амандман со кој што се предлага овој член од Предлог-законот за извршување на Буџетот да се избрише, и со тоа да останат доследни на своите тврдења кои што ги даваа во текот на расправата за Буџетот дека го поддржуваат Буџетот и дека не поддржија одредени амандмани во Буџетот, само заради тоа што сметаат дека тоа треба да биде буџет на приоритетите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор господин пратеник Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Мене ми е жал што министерот за финансии не го прифати овој амандман, затоа што сум уверен дека овој амандман е користен за законот. Еедновремено, просто се чудам зошто министерот за финансии презема врз себе одговорност за донесувањето и подоцна за спроведувањето на овој амандман. Уште полошо е што Владата очигледно, не сака да биде транспарентна во овој процес. Вчера на пратенички прашања и денеска во општата дискусија и сега на дискусија по амандманот, Владата, едноставно не сака да соопшти колку средства ќе одвои за оваа намена.

Јас можам да претпоставам дека оваа Влада, во својот четиригодишен мандат, овој технички закон за спроведување на буџетот ќе го оптоварува со ваков член во секоја наредна година. И уште од сега можеме да пресметаме дека ова ќе чини во милиони евра.

Фактот дека на секоја дискусија по некој детал од мозаикот се открива, вклучувајќи го и денешниот, дека ќе се плаќаат кредити за имот е толку контраверзно, што сега, наредното прашање е колкав имот купил со кредит господинот Самак? Можно ли е, задутра да дознаеме дека купил петоспратна куќа? Значи, ова е премногу контраверзно за да може така лесно да помине во Парламентот и да се преземе таква одговорност.

Овој член е лош. Овој член е ектремно контраверзен. Јас прашувам во кој раздел, со оглед дека во делот од законот, не каде што е извршување на одделни расходи утврдени со основниот Буџет да биде сместен од членот 21 па натаму, туку е сместен во оној дел каде што вели извршување на буџетот. Ние, не добивме јасна претстава од кој раздел и кои средства за ова ќе се одвојат од страна на Владата. Тоа не оди во прилог на транспарентноста на Владата, ниту оди во прилог на законот за буџет, што однапред треба да ги планира приходите, односно во овој случај расходите за вакви намени. Очигледно дека неутврдени намени во буџетот, со одлука на Влада, подоцна ќе се реализираат.

Второто прашање ми е кој ќе ја предложи на Влада таа одлука? Ќе треба некој да ја понесе одговорноста и за предлагање на одлуката во која штоќе соопштува средства. Претпоставувам дека министерот за финансии ќе ја преземе, сосема непотребно таа одговорност и мислам дека министерот за финансии почнува да презема, во името на Владата преголема одговорност, лично врз својот грб.

Ако го погледнете законов што ни е предложен, последната реченица од законот, во образложението, под римско 2-Финансиски средства, вели “За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства”. Со оглед дека во членовите -Извршување на расходи од буџетот, од членот 21 па натаму не е специфицирано кои средства ќе се употребат за оваа намена, очигледно е дека Владата ни доставила и дезинформација во која напишала дека овој закон не предизвикува дополнителни финансиски средства, а совршено е јасно дека членот 12 предизвикува дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, што е страшно, што веќе кажав во износ што не сака да се каже на Парламентот.

Кога целата оваа работа веќе има вел на тајноста, нормално е дека предизвикува уште повеќе сомнеж кај пратениците.

Сакам да прашам уште нешто. Врз основа на што Владата ги двои избраните и именувани функционери, како што се овде наведени, на кои ќе им надоместува трошоци за нивниот имот ако се тие од странство, а не и ако се од Република Македонија? Еве, јас ќе наведам еден пример. Во минатата Влада, потпретседателот на Владата на Република Македонија дојде од позицијата на најдобро платениот менаџер во Република Македонија. Јасно е за кого зборуваме. Господинот Минчо Јорданов дојде од Мак Стил, можеме да претпоставиме, јас не знам, меѓутоа сигурно неговата плата таму била четвороцифрена во евра, за да дојде во Владата, да ја дели истата плата со министерот за финансии. Сигурно, неколку пати помала. И, во денешната Влада сум уверен дека има луѓе кои дошле на помала плата, како и во Парламентов, професионално се занимаваат со ова и добиваат помала плата, како и во целиот свет. Јавните функции, подразбира, секогаш помалку плата од менаџерските плати што се високи и се зависни од пазарните услови.

Врз основа на што, Владата, сега нам ни кажува дека ако некој дошол од Америка, тој е “жртва” за Република Македонија, па треба да му даваме за одржување на имотот, во износ што не се

соопштува, а ако некој од поголема плата во Македонија дошол за член на Влада, нему нема даму надоместуваме. Можеби тој исто така зел кредит. Можеби некој министер во Владата зел кредит, имал менаџерска плата од 2000 евра и сега е спуштен на 700 евра во Владата и тој не може да го отплаќа кредитот. Значи ли ова дека имаме нерамноправност помеѓу оние кои доаѓаат од надвор и оние кои доаѓаат од Република Македонија? Или она, како што се одвиваат расправите и како што вчера премиерот соопшти овде, почнувам да размислувам дека ова се договори во четири очи што сега треба да се озаконат?

Тоа, во јавната сфера не функционира. Ова може да предизвика да секој помисли дека во иднина, ако има макар еден денар помала плата, ќе се повикува на ваков член од законот и ќе рече да важи и за мене, затоа што јас, со претходната плата, обезбедував услови на мојот имот што сега не можам да ги обезбедувам. Се знае дека влегувањето во јавниот сектор подразбира дека ќе имате плата утврдена со закон и надоместоци утврдени со закон и дека не може да имате исклучоци врз основа на тоа.

Впрочем, јас сум уверен, иако не сум правник, не можам да направам добро образложение, меѓутоа се надевам дека ќе се најде некој кој тоа ќе го направи и ќе бидам еден од оние кој ќе ја потпише иницијативата до Уставниот суд да овој член од законот за извршување на буџет, веднаш штом тој се објави во Службен весник, да се укине. Па, можеби тогаш ќе добиеме и правна разврска, извинете на изразот, меѓутоа на вака волонтаристичко трошење на средствата од даночните приходи на граѓаните во корист на имоти за кои никој не е должен да плаќа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманите ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 14, еден се воздржал од гласање, 51 гласале против.

Констатирам дека Собранието не ги усвои амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на став 1, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Блерим Беџети, Рафис Алити, Тахир Хани и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Излегов на говорница со оглед на тоа што има два слични амандмани поднесени од претставници на две различни пратенички групи.

Станува збор за предлог, односно барање во законот за извршување на Буџетот да се определи надомест за патни трошоци за државни службеници, чие што место на живеење е оддалечено повеќе од 2,5 км. од местото на работа, но прилично повеќе. За оние кои живеат 2,5 км. од местото на работа определен е износ со Закон и во овој Буџет за надомест на патни и дневни трошоци.

Добро е познато дека во последниве неколку години, особено со заложбите на Владата или на владите за рамноправна или поправичма застапеност во органите на државната управа дека е зголемен бројот на државни службеници кои патуваат дневно и се изложени на повисоки трошоци, доколку тоа го прават со сопствени превозни средства.

За тоа беа известени медиумите, имаше иницијатива од една група на државни службеници, која што, на мое барање ја примив, како министер за финансии и мислам дека имавме многу пријатна средба. Поразговаравме, има повеќе од месец дена и од тогаш се остварени повеќе средби со службеници, во рамките на Министерството за финансии.

На таа средба укажавме на фактот дека не постои начин да се предложи или да се прифати барање да се надоместуваат реалните трошоци, доколку некој патува, да речеме од Гостивар, од Тетово, од Велес, од Куманово, од Кичево дневно со сопствен автомобил. Тоа не може да го издржи ниту една држава. Дури и побогати држави од нас.

Ние рековме дека Министерството за финансии, ова стигна и до Владата како информација, само да ве известам дека на последната седница на Владата Министерството за финансии предложи Информација во која што предложи начин на решавање. Единствено што може е да се организира на сметка на Буџетот на Република Македонија, организиран автобуски превоз за доаѓање и одење од работа на државните службеници кои живеат во добро поврзани градови на Република Македонија со главниот гарад, каде што е најголема концентрација на државните службеници кои работат, а на кои се однесува барањето.

Направивме точна проценка, го утврдивме бројот колку се оние кои патуваат дневно од Гостивар и гостиварско, ги има некаде 137, од Тетово и тетовско, од Куманово и кумановско, од Велес и велешко. Понатаму тешко да може да одиме, затоа што и трошоците би биле поголеми за одржување на редовна автобуска линија за доаѓање и одење од работа, а и бројот е значително помал да може да се оправда економски. Значи, на добар пат сме да го решиме ова прашање. Едниствено, значи единствено на начин што се практикува и во други институции. На пример Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, а и во други земји. Тоа е одговорот на ова барање. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Тоа значи дека не се прифаќа амандманот?

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Има збор предлагачот на амандманот господинот Јашари Аднан, повелете.

(Пратеникот Аднан Јашари коментира во врска со времето).

Сакате да кажете дека времето за ваше образложение не е доволно?

Дали ќе се вклопите во времето?

**Аднан Јашари:** Ќе се обидам, добро.

Ви благодарам.

Уште на почетокот сакам да нагласам дека предложениот амандман во однос на членот 13 од законот за извршување на Буџетот се поднесува во ова Собрание по четврти пат. Поднесуван е и за претходните закони, во времето кога бевме во позиција, така што е добро да се информираат почитуваните колеги кои се нови во ова Собрание дека минатата година, еден амандман од сличен карактер не помина само за два гласа. Меѓутоа, во тоа време кога ние бевме во позиција, опозицијата, посебно ВМРО-ДПМНЕ, тука се и двајца мои колеги Силвана Бонева и Илија Китаноски ме поддржаа и се надевам дека ќе ме поддржат и сега и ќе гласаат за овој амандман.

Зошто е поднесен овој амандман?

Поднесен е за да се обезбеди надоместок за трошоци за патен превоз, на ниво на реални трошоци. Господине Славески вие нагласивте дека поради правична и соодветна застапеност, еден значителен број на лица се вработени во централните органи, се вработени или нивното работно место е надвор од нивното место на престој, живеалиште, па во овој контекст добиваат надоместок колку што добиваат. Со тоа не може да се покријат само патните трошоци, а да не говориме за реализација на другите потреби.

Поаѓајќи од ова начело, што над се, сметаме дека е социо-економско начело ние сме го поднеле овој амандман, со надеж дека ќе се поддржи од пратениците, ќе повторам уште еднаш, повторно од пратениците во позицијата кои се, меѓутоа во оваа можност сакам да нагласам дека сум длабоко убеден, овој амандман има добра законска основа во 2003 година, кога од една група граѓани беше поведена иницијатива пред Уставниот суд. До мене ја имам Одлуката на Уставниот суд, всушност Решение, со кое што е поништен членот 14 алинеја 4 од Законот за извршување на Буџетот за 2003 година, одредба која приближно беше слична или иста со одредбата која е претставена со членот 13 од ставот 1 од актуелниот предлог со некои мали измени. Зошто велам дека има добра законска основа, ќе ми дозволите два три збора да кажам за да го образложам ова.

Доколку се анализира внимателно членот 32 од Уставот на Република Македонија ставовите 1, 2, 3, 4 и 5 во кој што се говори за економските и социјалните права на граѓаните на Република Македонија, ќе видиме дека посебно во ставот 5, меѓу другото се вели или пак се повикуваат дека реализацијата на правата на вработените, нивната позиција да се уреди со Закон и со Колективен договор.

Јас со мене го имам Колективниот договор господине министер за државните органи и за другите органи, во членот 75 ставот 2 вели вака: “Се исплатува во висина на трошоците за превоз од јавниот превоз”. Според ова, ќе повторам уште еднаш, значи членот 75 став 2 доколку се анализира и се спореди со членот 13 ставот 1 од законот актуелниот Предлог закон, ќе дојдеме до констатација дека сепак има измени.

Велам уште еднаш тие се во меѓусебна противречност, иако според мене, овие два става кои уредуваат едно исто право, треба да бидат усогласени и унифицирани.

Ќе ми дозволете да го цитирам членот 113 ставот 1 од Законот за работен однос во кој што во точка 2, меѓу другото се вели вака:” .. има право на надомест за трошоци поврзани со работа за превоз од и до работа”.

Во оваа прилика ќе ми дозволите да цитирам уште нешто друго во еден одговор од Владата поднесен на 29 септември 2003 година на барање на еден пратеник од опозицијата, меѓу другото се вели вака, ќе го прочитам на македонски: “Истовремено укажуваме, дека и согласно Законот за извршување на Буџет за 2003 година за вработените на кои во извршувањето на работите од нивното работно место им е неопходно користење на превоз, им припаѓа надоместок во висина на стварните трошоци”.

Според ова што го реков јас, посебно имајќи предвид, уште еднаш ќе повторам, членот 113 од Законот за работни односи и членот 75 од Колективниот договор, кој што без сомнение треба да се почитува, додека од друга страна имајќи ја предвид волјата посебно на пратениците од опозицијата, кои што во тоа време се изјаснија за тој амандман, се надевам дека и овојпат ќе се изрази добрата волја, позитивна волја на овие луѓе сепак да им се излезе во пресрет. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика господинот Догани Бесим.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За пофалба е тоа што го знае господинот Јашари во однос на правните одредби. Не велам дека тој можеби не е во право во оваа насока во која расправаше и дискутираше, но треба да го спомeнеме и почетокот на овој проблем, во едно поранешно време кога имавме надоместок на патните трошоци на управните работници, овој надоместок се прекина пред околу 4 години и сега се бара овој проблем да се реши еднаш за секогаш.

Во оваа насока, можеби и не е ова најдобра опција, но, каква и да е, има напредок во оваа насока. Значи, на управните работници кои се принудени да патуваат надвор од нивниот град не им се плаќа надоместок во висина на јавниот

транспорт туку им се организира јавен транспорт од страна на државата. Значи, тие ќе имаат обезбеден превоз каде и беше нивниот поголем проблем.

Јас имав неколку средби и со претставниците од организациониот совет на администраторите, но и со администраторите,значи нивната грижа беше дека еден голем дел од нивната плата оди за патни трошоци. Со овој напредок и со ова решение кое го најдовме ќе се минимизираат нивните патни трошоци, односно,нема да имаат трошоци за превоз.

Уште еднаш му благодарам на господинот Јашари за убавите зборови, за убавото објаснување, но го критикувам остро за немање иницијативи во минатите четири години кога тој беше пратеник во ова Собрание и кога неговата партија беше на власт, кога неговата партија гласаше против предлогот што тој денес го поддржува. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Јашари Андан.

Повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател.

Почитуван колега, колку да ве информирам, јас и во времето кога бев во позиција и нормално како парламентарна група, повторно ќе кажам дека три години по ред сме поднесувале еден ваков амандман, иако жалам што во Законот за буџетот за 2006 година кога не сме биле во позиција, значи амандманот кој што беше текстуално ист не помина за два гласа.

Меѓутоа, што се однесува до прашањето кога е прекинато ова право, јас сакам да ве информирам дека правото на надоместок е укинато во 1997 година, овие работи ги познавам добро, 7 години сум работел како републички инспектор и тоа не во 2002 година, значи укинато е во 1997 година. Дотогаш вработените го имало тоа право и после оваа година е укинато тоа право и понатаму продолжува да биде укинато. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи скоро е време за пауза, јас предлагам да продолжиме до 15,00 часот со работа и бидејќи, де факто, ова е последен работен ден, со тоа мислам дека ќе ги завршиме нашите обврски.

Продолжуваме со работа.

Процедурално три минути госпоѓа пратеник Јаневска Весна.

Повелете.

**Весна Јаневска:** Има закажано комисија во 14,00 часот.

**Иван Анастасовски:** Пратениците кои се дел од таа комисија нека одат на комисијата, ние продолжуваме со работа.

Има збор пратеник господин Поповски Никола.

Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас мислам дека овој амандман не е добар и дека тој не треба да биде прифатен но, во услови кога министерот го вметна член 12 во Законот и кога на одредени избрани и именувани лица, да го цитирам член 12 - “На избрани и именувани лица кај буџетски корисници од централна власт кои пред нивниот избор или именување имале живеалиште во странство”. Членот 12 има направено таков исклучок што сега членот 13 став 1 како што е предложен од пратениците Аднан Јашари и другите има логика, господине потпретседател.

Сега господинот министер прави дискриминација. Ако вие сте живееле во Њујорк и ве избрала Владата за министер, тогаш вас ќе ви плаќаме надомест за имотот таму. А, бидејќи тука пишува избрани и именувани функционери, ако сте живееле во Струмица, тогаш Владата нема да ви даде по овој член надомест, тогаш можеме да ја примениме истата логика од членот 12 сега. Јас сум против овој амандман, меѓутоа, кога постои член 12 сум за овој амандман.

Што е крив некој и не е точно дека се работи само за Албанците. Во државната управа има бројни и од другите, пред се Македонци од Куманово, Тетово, Гостивар, Велес, Прилеп и од други градови кои дневно патуваат во Скопје, им даваме плата од 9000 денари, а тие за патни трошоци добиваат 900 денари, а трошат уште 10.000 денари свои пари, така што во негативно салдо ако се вработат во Македонија. Ако веќе Владата прави исклучок за своите три министри, тогаш нема морално право да прави исклучок за сите вработени добронамерни граѓани на Македонија кои работат во централната власт за не многу високи пари, да ги дискриминира на овој начин. Значи или ќе биде член 13 како што е предложен од Владата без член 12, или ќе биде член 12 присутен заедно со амандманот на господинот Аднан Јашари и уште петте пратеници. Со оглед дека сега се прави дискриминација и по мое длабоко уверување свесно се влегува во дискриминација на избрани и именувани и вработени само за тројца луѓе, тогаш јас ќе гласам за овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Претходните говорници во оваа насока кажамандманот аргументи зошто треба на тие кои работат во администрацијата, ако ништо друго, барем патните трошоци да им се надоместат и да им се обезбедат од страна на државниот буџет. Ова го велам затоа што во минатото пред 90-тите години сите тие кои работеа во администрацијата, ако ништо друго, им беше обезбеден по еден стан во Скопје. Велам ако ништо друго, затоа што тој систем им овозможувал на вработените во администрацијата да им се обезбедат овие работи. Меѓутоа, од 1990 година наваму тие кои се вработуваа во администрацијата, независно од нивната етничка припадност бидејќи нашиот амандман не говори само за Албанци, Роми и

Срби, туку за сите граѓани или со амандманот се опфатени сите граѓани независно на која етничка припадност припаѓаат. Се разбира дека тие имаат создадено работни односи во администрацијата и го делам мислењето со колегите дека навистина се врши една дискриминација на овој слој од вработените во државната администрација, бидејќи оваа Влада има средства за да обезбеди тие што доаѓаат од надвор одреден надомест, кои во текот на нивниот престој надвор од земјата имаат нивен имот, а еден државен службеник кој работи во Република Македонија може да сонува за таков имот. Најмалку за нас како пратеници е многу јасно дека никој од нив не дошол овде за да го остави нивниот имот овде во Република Македонија или да го загубат нивниот имот стекнат со голем труд надвор од земјата, но се врши една дискриминација, некој кој е вработен и има една плата каква што е платата на нашите државни службеници што се вработени, бидејќи сите што се вработени не се со високо образование, значи има и со средно образование и знаеме колкави се нивните плати. Ако се платат и патните трошоци, сигурно дека сите овие лица се пред еден чин да одлучат дали ќе бидат вработени во државата администрација или треба да го напуштат своето место, од причина што од тие пари кои ги добиваат како плата ништо не можат да однесат во нивните домови и семејства, затоа што тие плати ги даваат за патни трошоци.

Токму поради тоа, најмалку оваа актуелна Влада или пратениците, бидејќи претставникот на Владата се произнесе против овој предложен амандман, мислам на пратениците од мнозинството, треба да имаат политичко чувство и навистина да поддржат еден ваков амандман, со кој ќе се исправи една неправда која се врши на вработените во администрацијата.

Еден друг аргумент кој сите треба да го имаме предвид е и забелешката која доаѓа од Европската унија дека токму реформите кои отпочнаа да се вршат во државната администрација треба да одат до крај, бидејќи имаме администрација каква што ја имаме и не можеме да сметаме на добри државни службеници, стручни лица кои навистина треба да ја вршат својата работа како што треба, на работните места на кои конкурирале и за што се плаќаат толку колку што се плаќаат, но не можеме да сметаме навистина на стручни државни службеници доколку не им се обезбеди тоа што е минимум или елементарно, за да може со еден дел од нивната платада ги издржуваат нивните семејства. Ќе повторам уште еднаш, сигурно овие државни службеници ќе бидат принудени да ги напуштат нивните работни места и да се занимаваат со друга работа. Во спротивно, тие нема да можат да изградат една вистинска кариера, велам и ако останат во државната администрација, затоа што материјалните добра кои ги стекнуваат не овозможуваат тие навистина да се занимаваат стручно со нивната работа која ја извршуваат.

Затоа, би апелирал до парламентарното мнозинство да го поддржат овој амандман. Сигурно дека трошоците нема да бидат поголеми од трошоците кои ќе им се обезбедат на три-четири министри или на некој друг, или на оние кои не ги знаеме кои се дојдени од странство во нашата земја, иако убеден сум дека никој од нив не дошол за да го изгуби нивниот имот. Напротив, тие дошле за да добијат нешто повеќе во Република Македонија, дошле за нивен личен интерес. Овде не се говори, како што се настојува во медиумите да се каже дека дошле заради некој патриотизам и тн. Никој од надвор, од странство не доаѓа во нашава земја нам да ни даде нешто, се разбира, секој кој доаѓа најнапред го гледа својот личен интерес, а понатаму тоа што може да ни помогнат, да помогнат на нашите граѓани кои се доста сиромашни. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Како што се намалува бројот на часови до завршетокот на оваа година, луѓето почнуваат малку нестандардно да се однесуваат и ќе ми простите, сфатете го ова процедурално, сметајќи дека на паузата ќе можам да претрчам до Министерството за финансии, заедно со вработените кои се на скромен коктел да им честитам Нова Година, а тоа не сум во можност, тие се таму повеќе од 100-тина, да ја искористам оваа прилика да ги поздравам од оваа говорница и да се извинам затоа што не сум со нив, Среќна Нова Година.

(Аплауз).

**Иван Анастасовски:** Добро, почитуван министер, и ние требаше во моментов да бидеме со нашите вработени, кои се дел од нашиот амбиент овде во Собрание, меѓутоа, за жал, еве тука сме да ја завршиме работата со буџетот. Еве и за нив честитки, за нашите вработени кои ни помагаат овие 365 дена.

Има збор пратеникот господин Агрон Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Благодарам господине потпретседател.

Почитувани колеги, почитуван господине Славески,

Овој гест на господинот Славески, процедурален гест, би сакал навистина да биде гест таков каков што треба да биде од човечки и професионлен аспект како раководител на своите службеници. Меѓутоа за да не ми замери господинот Славески можеби ќе повторам уште еднаш, би сакал навистина да биде искрен гест. Мене ме тера да се сомневам, а тоа и го реков во една друга дискусија, дека со овој амандман, кој што е во однос на еден износ, кој што според зборовите кои што беа кажани тука, не е значително голем износ, за еден буџет на една сиромашна држава, туку е во однос на нешто што оваа Влада, како што имам кажано и порано, врши една невидена

пропаганда и се однесува како да е на изборна кампања. И реакциите кон овој предлог за измена или пак кон овој амандман беа такви што ете ние ќе го направиме тоа, сме се сретнале со луѓето, така како што овие месеци сме слушнале многу пати, за многу предлози, кои што биле многу логични и можни. Реакцијата била тоа ќе го направиме идната година, и сето ова мене ми личи на изборна кампања, така како што и реков бидејќи, според некои менаџери, да не речам манипуланти, на денешната светска политика која што е меѓународна политика, која во многу земји во однос на медиумите и комуникации изгледа ВМРО ДПМНЕ почнала кампања со гласањето на Владата. Меѓутоа ова е многу далекусежна политика, далекувидна политика и можеби во некоја држава кога се вели дека нешто ќе се направи, на пример Австрија има патни трошоци и министерот за финансии ќе вети нешто слично дека ќе го направи тоа, меѓутоа, има и средства со кои ќе го направи тоа. Кога вели дека ќе реализира нешто, тогаш има и функционален систем со кој ќе го реализира тоа. Тука има многу работи кои беа логични и не бараат големи расходи, се слушнаа агументи за и против, но сепак аргументот за или против од колегата Поповски не го слушнав, не го разбрав добро,меѓутоа, аргументот про или за недискриминирање и за поинакво третирање на некои министри кои беа спомнати тука, ние го слушнавме тоа, така што без оглед на оваа кампања која постојано три-четири месеци им вели на граѓаните во своевиден медиумски притисок, ВМРО ДПМНЕ ќе го направи ова, ќе го направи тоа, ќе го реализира тоа - јас не гледам развој и прифаќање на ваквите амандмани кои се логични, а од друга страна овозможуваат вклучување на другите градови или на граѓаните од другите градови, за да не се остави екслузивноста само на граѓаните од главниот град да работат во државните институции, затоа што ова би создало елитизирам и би можел да кажам дури една нерамнотежа, затоа што без оглед на кое ниво на своите работни места се државните службеници во државната администрација, сепак, кога станува збор за вршење на некоја услуга во рамките на работните задачи што ги имаат, сигурно дека еден од мотивите за ангажманот на еден државен службеник ќе биде и местото од каде што доаѓа, каде што живее, за да биде на услуга или да направи нешто за своите сограѓани. На овој начин, со овие  плати што ги имаме во администрацијата и да не се овде, не се бара со овој амандман да се исплатат големи трошоци, туку само реални трошоци за патниот превоз, се прави оневозможување на ангажманот на службениците од општините кои се наоѓаат на 40, 50 или повеќе километри оддалечени од Скопје, така што од овој аспект, имајќи ги предвид и фактите дека тука е дветретини од стопанството на Македонија и ваквиот живот во Македонија се одвива во Скопје, што значи по автоматизам граѓаните од Скопје имаат предност или можност повеќе да најдат работа и да се вклучат во тој процес, затоа што многу претпријатија стопански или за производни услуги се сместени во Скопје. Со ова им се оневозможува на граѓаните кои доаѓаат од другите градови да се вклучат во државната администрација, бидејќи трошоците се такви, платата е таква каква што е, така што едноставно не им се исплати да работат затоа што самите треба да си ги платат патните трошоци.

Уште еднаш ќе нагласам, може да се предвиди нешто во Буџетот, но тоа не мора да значи и да се реализира. Може да се определи износ за извршување на Буџетот на овој начин, меѓутоа, тоа што ќе се избере, тоа го нагласува постојано ВМРО ДПМНЕ, јас не верувам дека ќе се реши тоа прашање, туку ова е само да се оправда неприфаќањето на овој амандман, за да се излезе пред народот, како што беше случај со многу други амандмани и други дискусии дека моментално ние тоа нема да го направиме, меѓутоа, ќе изнајдеме решенија идната година или без да се нагласи временскиот рок кога ќе се изнајде тоа решение. Уште еднаш ќе нагласам, тука треба пратениците кои не се само гласачка машинерија, туку се и претставници на своите гласачи, треба да рефлектираат и со своја глава и да докажат што мислат, затоа што не се сите пратеници на ВМРО ДПМНЕ од Скопје. Затоа, да размислат за својата база и да им оставаат можност и на нив да се вклучат во државната администрација, затоа што оваа пропаганда која е демагошка дека ќе се реши, ќе го направиме тоа, личи на изборна кампања, за рок од шест месеци, една година или година ипол ќе видиме, ќе видат граѓаните. Јас не верувам дека може да има резултати после сите тие ветувања ќе го направиме, ќе го решиме и ќе видат граѓаните - ќе се разочараат што не е во прилог не само на парламентарното мнозинство или на ВМРО ДПМНЕ туку во многу случаи не е во прилог на сите граѓани и на стабилноста и на економскиот развој на земјата.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, а во исто време пратениците кои се надвор ги повикувам да влезат во салата.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање по амандманот.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Љубиша Георгиевски).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 8, воздржано 1, против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 23 став 4, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Овој амандман се прифаќа и е терминолошко усогласување.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел на Законот.

Процедурално има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Јас сакам да се заблагодарам на министерот што го прифати амандманот, меѓутоа, само би сакала да укажам на што се однесува амандманот.

Амандманот се однесува на тоа зборовите "хендикепирани лица" да се заменат со зборовите "лица со посебни потреби". Сакам да апелирам до сите пратеници, до Владата на Република Македонија, до сите претставници на медиумите, до сите граѓани на Република Македонија да не го употребуваат терминот хендикепирани лица. Јас го поднесов овој амандман меѓу другото и заради тоа што во експозето на премиерот при утврдување на Владата имаше ваква формулација и очекував после мојата забелешка тогаш да не се повтори.

Значи апелирам уште еднаш до сите граѓани на Република Македонија, без разлика дали се дел од власта, дали се дел од опозицијата, дали се воопшто на јавна функција да не го употребуваат овој термин.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви се придружувам на тој апел, навистина треба повеќе да се внимава, само во нашата навика една терминологија кога ќе се прифати полека се менува.

Отворам претрес по амандманот на член 33 ставови 1 и 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа, се бара претходна согласност за одредени буџетски ставки да се бара од единиците на локалната самоуправа. Единиците на локалната самоуправа, како и другите буџетски корисници во претходната фаза на подготовка на Буџетот имаат право да ги искажат своите барања.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Имајќи ја предвид новата надлежност на единиците на локалната самоуправа, во областа на образованието утврдена со Законот за локална самоуправа, а базирајќи се и на тоа што господинот министер го кажа дека дава сугестии локалната самоуправа при подготовката на Буџетот, не гледам причина зошто овој амандман не би се прифатил. Имено, во членот 81 на Законот за локална самоуправа стои дека здружението на општини во кое заради заштита и унапредување на заедничките интереси се здружиле повеќе од две третини од општините од целата територија на Република Македонија има право да соработува со Владата по прашањата значајни за општините во Република Македонија, иницира донесување на закони што се однесуваат на унапредување на локалната самоуправа, се даваат предлози за проектирање на Предлогот на Буџетот на Република Македонија во делот што се однесува на доделување на средства на општините, наменети за вршење на надлежностите утврдени со закон и остварува соработка со други сродни организации итн.

Со оглед на тоа дека има ваква одредба во Законот за локална самоуправа, а во членот 33 се наведени средствата што ќе се употребуваат во разделот за Министерството за образование, што е во надлежност согласно Законот за локална самоуправа, член 22, на локалната самоуправа, сметам дека треба да се прифати амандманот, особено кога станува збор за капиталните инвестиции во областа на образованието. Ќе повторам, тоа е обврска на Владата согласно законот за локална самоуправа и затоа не гледам причина зошто не би бил овој амандман прифатен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор,го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата)

Ги повикувам координаторите да направат напор да ги соберат пратениците кои се во Собранието а кои не се во салата.

Во салата има 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59, за гласале 8, воздржан еден, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, гласале 58,за гласале 53, воздржани нема, а против 5.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буѓетот на Република Македонија за 2007 година.

**Минуваме на точката 7-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон.**

Предогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Ве повикоувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 55 гласале за, 2 воздржано и 5 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седноца да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници,за гласале 55, воздржани двајца, против двајца.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отварам претрес по текстот на предлогот на закон.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 1 став 3 за бричење на точка 6А по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми поднесоа амандмани на член 1 став 3 за бришење на тошка 6А, член 1 став 8 за менување на новата точка 25 и за бришење на член 10 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманите на член 1 став 3 за бришење на точка 6А.

(Пратеникот Слободан Најдовски бата збор)

Повелете.

**Слободан Најдовски:** Пред да отпочнете со расправа по амандманот, бидејќи мојот амандман прв го прочитавте, јас сакав да кажам дека нема потреба да се расправа по тој амандман. Ќе го повлечам од едноставна причина, со две-три реченици, ќе го повлечам заради тоа што на вистина денеска нема атмосфера да се расправа за овој зкаон што беше толиу фален и за кој што имам да кажам доста забелешки. Само би им препорачал на стопанствениците кога ќе излезе во “Сл. Весник” добро да го видат, бидејќи сеуште не знаат што закон ќе усвои денска Собранието, тие мислат дека само се намалува стапката на даноците а сите други,кога ќе ги видат дека не одат во корист на стопанството, бидејќи е таква атмосферата, по амандманот нема да дискутирам, ќе ги видиме ефектите од законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Отворам претрес по амандманите на член 1став 3за бришење на точка 6А поднесени од пратениците Аднан Јашари и Џеват Адени.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Тајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседателе.

Сакам за трите проедложени амандмани да кажам само два збора.
Се говори за амандмани преку кои се прават осленувања, даночни олеснувања , ги предвидува предложениот закон што се отстранети со предложениот текст, па сум предложил овие олеснувања што постојат да се вратат во постојнито текст. Но, и покрај тоа, оценкана Владата или на претставникот на Владата е да каже дали се прифаќаат или не, и на парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи барате да се гласа.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманите ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници, гласале, веќе се присутни 66 пратеници, гласале 66, за гласале 11, воздржано еден, против 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не ги усвои амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 8 за менување на новата точка 25 поднесен од пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

67 пратеници гласале, за гласале 10, воздржан 1, против 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 10 поднесен од пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе. Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски** : Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресор по амандманот.

Амндманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 11, воздржано гласале двајца, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Сосема кратко претседателе, само 2-3 реченици.

Со неизгласувањето на амандманот на господинот Јашари, ист беше и мојот амандман што го повлеков, само ги прашувам сега пратениците дали знаат како ќе се оданочуваат трошоците во Собранието? Ќе се доведеме во една ситуација во која што сме сега моментално, а во мај месец Собранието ќе не оже веќе да функционира. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 56, воздржани нема, против 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 58, воздржано 1, против 7.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 57, воздржано 1, против 6.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 38 за додавање нов став 2 по ставот 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за менување на членовите 17 и 37 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми поднесоа амандмани на член 2, во новиот член 14А став 2 член 5 за бришење на член 23 и на член 26 на насловот на новата глава 7А и на новите членови 38Б, 38В,38Г,38Д,38Е и 38Ж по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 14А став 2 поднесен од пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 10, воздржани нема, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има Јашари Аднан.

**Аднан Јашари:** Накратко, ова би требало да значи дека во иднина придонесите за инвалидски придонес, здравство и за вработување ќе бидат на товар на расходите во даночниот биланс.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 14, воздржано 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 23 поднесен од пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 на насловот на новата глава 7А и на новите членови 38Б, 38В, 38Г, 38Д, 38Е и 38Ж поднесен од пратениците Аднан Јашари и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има Јашари Аднан, повелете.

**Аднан Јашари:** Се работи за еден интересен амандман, затоа што се говори не за менување на концептот на закони, туку повеќе за измени од формално правен карактер на овој закон. Поаѓајќи од фактот дека се говори за една нова глава во која се предвидува во иднина за одредени обврзници, кои предлагачот ги назначува како микропретпријатија, јас поднесов амандман со кој барам овој поим “микропретпријатија” да не биде таков, затоа што на сите треба да ни биде јасно и сите треба да се согласиме дека претпријатија не можат да бидат субјекти. Ова е причината зошто го поднесов овој амандман, со кој барам поимот “микропретпријатија” да се замени со поимот “посебни даночни обврзници”.

Друга причина за тоа е што Законот за трговски друштва не го користи овој поим, имаме трговски друштва и тоа што е убедливо за мене е дека Законот говори за даночни обврзници, а не за микропретпријатија како субјекти во оваа насока. Заради тоа, од формално правен аспект, јас предлагам овој поим да се замени со поимот “посебни даночни обврзници”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

65 пратеници гласале, за гласале 12, воздржано 2, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 57, воздржано гласале 3, против гласале 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка.

Бидејќи се приближуваме кон крајот на оваа пленарна седница, дозволете да ја закажам следната седница, за која ќе добиете сите потребни хартии, на 9 јануари 2007 година и тоа ќе биде продолжение на 14-тата седница на Собранието, на која на дневен ред е здравството.

Дозволете ми сега, дами и господа пратеници, во свое и во ваше име, на сите граѓани на Република Македонија да им ги честитам престојните Новогодишни празници. На граѓаните на Република Македонија од исламска вероисповест да им го честитам престојниот празник Курбан Бајрам, а на граѓаните на Република Македонија од православна вероисповест да им ги честитам престојните Божиќни празници.

Да сте живи и здрави сите.

(Седницата прекина со работа во 14,55 часот)